## СТЕНОГРАФСКИ БЕЛЕШКИ

### од Единаесеттото продолжение на Шесттата седница на Собранието на Република Македонија, одржана на 18 октомври 2006 година

Седницата се одржа во Собранинето на Република Македонија, сала 1, со почеток во 11,03 часот.

Седницата ја отвори и на неа претседаваше господин Љубиша Георгиевски, претседател на Собранието на Република Македонија.

**Љубиша Георгиевски:** Продолжуваме со работа по Шестата седница на Собранието на Република Македонија.

Пратениците: Силвана Бонева, Владимир Ѓорчев, Миле Пачемски, Роза Топузова Каревска, Ристо Пенов, Андреј Жерновски, Јани Макрадули, Весна Бендевска, Славица Грковска, Никола Рилковски, Али Ахмети, Агрон Буџаку, Тахир Хани, Љубчо Георгиевски, Абдуладi Вејсели, Горан Мисовски, Лилјана Поповска, Флора Кадриу, Даут Реџепи, Арбен Џафери и Мендух Тачи, ме известија дека се спречени да присуствуваат на седницата.

Продолжуваме со претрес по текстот на Предлогот на законот за Полиција.

Има збор господин Адеми Џевад.

**Џевад Адеми:** Ви благодарам господине Георгиевски.

Да ви кажам право имав дилема и се двоумев дали да се вклучам во овој монолог на пратениците од коалицијата ДУИ и ПДП или да не се вклучам. Со длабоко убедување и верување во искрената намера и сериозноста во пристапот на третирање на овој закон од страна на моите колеги немам дилема дека всушност до каде допираат нашите зборови. До каде досегнува нашето вознемирување. Оваа намера во прв ред за подобрување на законот и во втор ред за создавање на услови за една релаксирана атмосфера политичка и етничка во Македонија, за жал, наидува на глуво уво, како кај Владата, така и кај парламентарното мнозинство. Како и да е од обврската што ја имам кон нашиот електорат како коалиција и кон моите гласачи, не можам а да не прозборам да ги кажам дефектите на цела оваа процедура сега речиси тринеделна. Со жал констатирам дека Владата пред Парламентот доне Предлог закон за полиција во една атмосфера, во еден амбиент кој што е под притисот на една клима на некомуницирање на двете најголеми партии кои што ги застапуваат албанскиот и македонскиот електорат. Многу сериозен дефект кој што се докажува и со оваа расправа, како во фазата на разгледување на амандманите, така и во оваа фаза кога се расправа за општиот текст на законот. И на најголемите лаици им е јасно дека еден ваков закон, не дека не може да се донесе, доколку гласовите постојат тој ќе се донесе, меѓутоа, не е во ред да се донесе, не е во ред да се усвои и не е во ред да биде дел од тој корпус на позитивни закони на Македонија, доколку кон овој закон не еднаш и од многу нивоа се изјасниле уште од највисоките врвови на победничката коалиција кај албанскиот електорат, до моите колеги пратеници тука уште од првиот ден на расправање за овој закон. Судам дека грешката е направена уште на почетокот со фактот што Владата зема обврска да брани закон кој што не е нејзин закон. Значи, си зема обврска, си определи задача за себе да предложи и да гласа со гласовите кои што без сомнение ги има закон чиј автор не е. Дотолку полошо во оваа своја определба повредува една многу прецизна определба во Деловникот за работа на овој Парламент. Сега, ќе ми дозволите да го најдам членот, доколку не грешам, член 160 од Деловникот за работа. Таму на јасен начин ги прецизира фазите на донесување на закон. Значи, уште од првата фаза и втората фаза се дозволува шеесет дневна толеранција. Од забелешките што јас ги имам, значи првата фаза на законот за полицијата била во октомври 2005 година. Ценам дека Владата не го искористи ова право. Право, кое се овозможува со Деловникот на Собранието. И, еве, да не ја прифатам, да ја наречеме опозиција, иако не ми се допаѓа да ја прифатиме улогата на опозиција, бидејќи граѓаните не ни дадоа мнозински мандат за да бидеме во опозиција, меѓутоа тоа се коњуктурите. Значи, не го прифати нашето барање и на колегите од македонската опозиција, овој закон во оваа фаза да се разгледа како прва фаза, затоа што оваа можност ја дава и самиот Деловник за работа. Доколку повеќе, Владата падна во замката на загрозувања на нарушување на добриме меѓуетнички односи, затоа што албанското мнозинство во овој Парламент и албанското мнозинство во претходниот Парламент во поранешниот парламентарен состав пред изборите на 5-ти јули, имала спротивен став што се однесува на овој закон. Доколку се раководиме од добрата намера или цел така како што кажува првиот член од овој Предлог закон дека со овој закон се уредуваат полициските работи, организацијата на полицијата, полициските овластувања и правата и обврските што произлегуваат од работниот однос на полициските службеници во Министерството за внатрешни работи, што не се уредени со законот за внатрешни работи. Доколку овој закон произлегува како обврска и од договорот за стабилизација и асоцијација и доколку овој закон произлегува како обврска и од Охридскиот договор, меѓутоа, дозволете да кажам дека овој закон во прв ред произлегува како обврска и заради интересите на вработените во полицијата, на самите овластени лица на полициските службеници. Со кое право ние, овој парламентарен состав, парламентарното мнозинство или пак на експлицитен начин Владата пристапува на донесувањето на овој закон во една не жешка атмосфера, туку атмосфера на вриење кога ние воопшто не комуницираме. Затоа што, дозволете, не е ничија цел, така судам јас, дека овој закон треба да се

донесе само за една заедница или пак овој закон да се донесе само за една категорија на граѓани.

Последниве денови слушам незадоволство во редовите на нашите колеги дека целта на пратениците од коалицијата ДУИ и ПДП е блокирање на донесувањето на овој закон. Не. Верувајте, дека не. Доколку ова беше нашата намера ние тука ќе читавме романи, ќе читавме весници и ќе говоревме што и да е, а не со најголема сериозност да го третираме, да го разгледуваме законот, да го даваме нашиот придонес, кој што почна уште во октомври 2005 година и да правиме се што е во наша моќ, за да овој закон не стане причинител на меѓуетнички затегнувања, затоа што ние имаме право. Дозволете почитуван господине Георгиевски и вие малку колеги што сте тука присутни да проследам тука само еден нагласок на говорот на координаторот на пратеничката група на ДУИ на 28 октомври 2005 година за да ја укажам конзистентноста, за да го докажам начелото и нашата добра намера и тогаш и сега. Судам дека ќе поттикнам интерес кај вас и верувам дека и господинот Алити ќе се согласи, да го потсетам на зборовите што ги кажал пред една година.

Почитувани пратеници, почитуван претставник на Министерството за внатрешни работи. Пратениците на ДУИ и нашата парламентарна група забелешките ги дадовме на Комисијата во Собранието. Нашите забелешки беа со цел на забрзување на реформите, затоа што цениме дека со овој Предлог за донесување на овој закон, еден дел од реформите не се стимулираат, поттикнуваат, напротив се забавуваат. Исто така, и со законот за внатрешни работи нема стратегија која што значи и со овој закон така како и со првиот, ова Министерство нема стратегија за правично и соодветно застапување на припадниците на немнозинските заедници во управувачките органи и раководните структури на ова Министерство.

Значи, нема прецизирање за образованието и за подготовката на овие кадри и со овој закон. Ние како парламентарна група, продолжува понатаму цитатот, значи почитуваниот координатор вели, имаме многу забелешки на адреса на овој Предлог за донесување на овој закон. Чекаме од Министерството за внатрешни работи, нашите забелешки да ги земе сериозно од причина што цениме дека реформите во полицијата не се само во интерес на Министерството, туку се во интерес на сите граѓани. Велиме реформи, затоа што ние со овој Предлог закон, треба да бидеме што е можно поблиску до стандардите на државите членки на Европската унија и НАТО. Ние како држава имаме аспирации и тежнееме, колку што е можно побрзо да се интегрираме во овие органи. Ценам дека овие стандарди и овие вредности треба да ги најдеме и во овој Предлог за донесување на овој закон.

Ценам дека, подигнувајќи бариери и пречки така како што се предвидени во овој Предлог закон градејќи критериуми така како што се предлагаат во овој Предлог закон, ние новите кадри нема да ги приближиме и нема да им дадеме шанса да бидат дел од раководните и управувачките структури. Кадри, кои што навистина заслужуваат да им се даде шанса за да управуваат со овој значаен ресор.

Предлог законот, фактички, ја спречува нивната кариера. Ценам дека ова Министерство треба да ги земе сериозно нашите забелешки и да ги направи составен дел од овој Предлог закон.

Има уште многу да се каже, меѓутоа, тука ќе завршам затоа што лесно може да се земат стенографските белешки од страна на заинтересираните и сметам дека тоа не е никаков проблем за нив.

Се повикав на дел од говорот на координаторот на парламентарната група на ДУИ за да ја докажам позицијата на ДУИ-ПДП.

Почитувани, не е наша цел да го блокираме овој закон, затоа што не беше цел ни тогаш, дотолку повеќе што ние денес само ги конкретизираме начелните забелешки што сме ги имале тогаш, со цел Македонија да има квалитетен закон и овој квалитет да се гарантира со политички и етнички консензус. За жал, со досегашното однесување паралелно со нарушувањето на етничкиот консензус, предлагачот го загрози и политичкиот консензус и јас не разбирам која е целта или намерата и зошто ние толку тврдоглаво инсистираме нашето да оди до крај.

Вториот голем дефект на тоа што го поминавме до сега е тоа што на наивен начин, велам наивен а не ненамерен, значи на наивен начин Владата девалвира една голема вредност која се нарекува Бадинтерово мнозинство, непотребно. Инструментализира еден орган како што е Комитетот, непотребно. Непотребно се девалвира и дезавуира вредноста на двојното мнозинство, затоа што јас не се сметам за компетентен да го кажам последниот збор дали треба овој закон да се донесе според Бадинтерово мнозинство или не. Меѓутоа со создадената клима и изјавите дадени од највисоките нивоа, вклучувајќи ја и изјавата на претседателот на ВМРО-ДПМНЕ дека законот за полиција-пред нас пријателите на многу високо ниво велат дека ќе се донесе со Бадинтерово мнозинство. Меѓутоа, што се случи? Со инструментализирањето на еден орган кој произлегува од Уставот на Република Македонија се изманипулира можноста, се исклуи можноста за согласноста на албанското мнозинство, се исклучи потребата од согласност и на претставниците на другите релевантни заедници во Македонија, опфаќајки ги тука турската, бошњачката, српската и други заедници, момент кој одговорните и свесните глави на политиката би требало да ги спречи и да им каже ова тука е црвена линија, ова не смее да се помине. За жал, актуелното парламентарно мнозинство помина преку овие моменти и што имаме денес? Имаме поларизирана ситуација непотребно, имаме барикадирање на актуелното парламентарно мнозинство и на делот на политичкиот блок кој не е во ова мнозинство. Еве, заради еуфемизам

нема да го наречам тој блок опозиција затоа што законите не се донесуваат заради парламентарното мнозинство, законите се донесуваат за да бидат норми и документи кои ги обврзуваат сите граѓани. За жал, работите вака како што течат после донесувањето на овој закон, велам донесувањето затоа што техниката е јасна, условите се создадени, бројот постои, ние ќе се соочиме со две ситуации.

Првата претседателот на државата да не го потпише Указот за овој закон и да се направи политичка криза, затоа што кохабитацијата не функционира, претседателот на државата е ставен во функција на оваа или онаа политичка групација и луѓе и да ја решиме оваа политичка криза.

Втората ситуација: претседателот на државата да го потпише Указот и кој и да е граѓанин на Република Македонија, во конкретнив случај еве јас, да покрене иницијатива пред Уставниот суд на Република Македонија за да се процени уставноста, која е многу дискутабилна, на овој закон. Велам многу дискутабилна за овој закон, затоа што не само стручњаците туку и тие што имаат малку политичка култура со право велат дека овој закон е во судир, во колизија зо Амандманот 5 на Уставот на Република Македонија, каде во алинеја 2 на јасен и прецизен начин, без двоумења, се сакнционира статусот на албанскиот јазик и за чудо, од предлагачот на овој закон во членот 34, доколку не грешам затоа што од претераното читање може да се случи да има забуна, значи во членот 34 се спомнува јазикот. Доколку се избришеше, немаше да постои тој дискутабилен момент, многу доволен момент за да се тргне законот во првата проценка за уставноста на овој закон.

Понатаму, во Амандманот 6, кој што не случајно е интегрален дел на Уставот на Република Македонија, се прецизира нормата, обврската за правично и соодветно застапување на припадниците на немнозинските заедници во Македонија. Во еден член, колку ради реда, во овој закон оваа обврска не се консумира. Значи со условите, бариерите, критериумите и со измените како последица на дополнителните амандмани од Владата не се избегнува и тука Уставниот суд ќе има многу работа за да се усогласи уставноста во овој закон.

Дозволете да продолжам натаму, додека сум кај Уставот, многу спомнуваното начело на двојното мнозинство или како што е практикувано сега Бадинтерово мнозинство, Амандманот 10 како заштитен механизам и инструмент на безбедност за немнозинските заедници во Македонија, а такви дал Господ, има многу, затоа Што етничката разноликост секаде во светот па и овде кај нас треба да се третира како напредок, како силен заштитен механизам, на наивен начин се дерогира. Се дерогира како последица од насилните интервенции за политички мотиви за коњуктура и непотребно се избриша, се исклучи еден инструмент кој Македонија ја разликува подобро. Се разликува како држава, која и во Уставот има такви механизми кои го исклучуваат мајоризирањето, го исклучуваат надгласувањето, ги унапредува немнозинските заедници. Начинот на кој се раководеше и управуваше со почетокот на расправата по овој закон отвори многу проблеми, проблеми за одбрана на уставноста на овој закон и врвниот момент за кој што еден среден правник, а не некој висок стручњак уставноста на овој закон ќе ја отфрли во однос на законот за локална самоуправа. Можеби предлагачот на овој закон, поранешниот и сегашниот, нема да кажам фрустрирани, меѓутоа, незадоволни и барикадирани против Законот за локална самоуправа и Законот за новата територијална организација на Македонија, можеби, секале да ја избришат смислата на Законот за локална самоуправа со интервенирање во законот за полиција. За да ви ја освежам меморијата не само на вас присутните тука, туку и на тие што не следат-дали верувате дека имаме комплименти од граѓаните и гледаноста на Собранискиот канал е поголема од кога и да е заради овој наш ангажман да се се направи што е можно повеќе за да има Македонија еден квалитетен закон.

Во членот 36 алинеја 1 точка 12 од Законот за локална самоуправа се вели:

“Општинскиот совет избира лице кое ќе раководи со подрачната единица на Министерството за внатрешни работи во општината во согласност со закон”.

Алинеја 13 гласи: “Разгледува и донесува годишен извештај за јавната безбедност на територијата на општината, кој извештај го поднесува до министерот за внатрешни работи и до Народниот правобранител”.

Алинеја 14 гласи: “Може да даде препораки на раководното лице на подрачната единица на МВР од областа на јавната безбедност и безбедноста во сообраќајот”, додека алинејата 3 од истиот член гласи:

“Раководното лице од алинеја 1 точка 12 од овој член е избрано доколку за тоа лице гласале мнозинството на сите совети на општините кои ги опфаќа подрачната единица на МВР”.

Ќе прочитам уште еднаш: “Раководното лице од алинеја 1 точка 12”, значи раководното лице од подрачната единица на МВР е избрано доколку за него гласале мнозинството од сите совети на општините кои ги опфаќа подрачната единица на МВР.

Додека сум тука, дозволете да го прочитам во целина членот 24 од Предлог-законот за полицијата и ние тука да споредиме колку се во согласност и колку се исклучуваат, односно колку држи уставноста на овој закон.

Во членот 24 се вели: “Шефот на полициската станица”, а не лицето кое раководи со полициската станица, “од општа надлежност се избира со мнозинство од општиот број на советот каде што е и полициската станица од општа надлежност (во натамошниот текст соодветната општина)”, значи од листата која содржи тројца

кандидати предложени од министерот, од кои едниот кандидат припаѓа на етничката заедница која е мнозинство во тие општини.

Понатаму, доколку советот на соодветната општина не избере ниту еден од пфредложените кандидати во рок од 15 дена од дрнот на доставувањето на листата, министерот ќе предложи втора листа која содржи најмалку тројца нови кандидати, меѓу кои барем еден кандидат припаѓа на заедницата која е во мнозинство во тие општини.

Понатму, ако и по спроведувањето на постапката од ставот 4 на овој член советот на засегнатата општина повторно не избере ниту еден од предложените кандидати во рок од 15 дена од денот на доставувањето на листата, министерот во консултација со Владата ќе го избере командирот на полициската станица од општа надлежност од двете листи на кандидати предложени од министерот, како и тројца дополнителни кандидати предложени од страна на советот на засегнатата општина.

Никаде не се спомнуваат општинските совети, каде што врши должност раководното лице со подрачната единица на МВР, значи тука не се работи за терминолошко неусогласување, туку се работи за надлежност и за обем на власт. Во пррв ред, ова треба да бидат сепак грижи на предлагачот во овој случај. Кои се тие, или пак еден дел од тие забелешки, сега веќе провербијални, кои парламентарната група на ПДП-ДУИ долго време упорно ги повторува, не само раководена од максимата “Репетитио ест мадер студиорум”, туку убедувањето дека нагласувајќи ги овие дефекти ќе успееме да продреме до тие одбивачки бариери на предлагачот и нивниот ангажман овој закон да се повлече, да се создадат услови за едно конструктивно вклучување, пошироко вклучување и создавање политички и етнички консензус. Многу пати од многу говорници се нагласувало повредувањето на начелото на рамноправност и еднаквост во утврдувањето на критериумите за полициско организирање на територијално ниво во т.н. сектори. Значи тука е прекршено начелото на равноправност и еднаквост, правото на Гевгелија да биде сектор-ќе почнам од Гевгелија, нема да почнам од Струга. Повредено е правото на еднаквост во утврдувањето на критериумот Прилеп да не биде сектор, повредено е начелото на еднаквост Струга да не биде сектор, затоа што предлагачот на наивен начин паѓе во својата замка кога спомнува еден од критериумите спомнува, значи Струга има 10 илјади жители повеќе од Охрид. Со право граѓаните Албанци, без разлика на нивната партиска припадност, прашуваат да не е ова реваншизам, затоа што Струга во новата територијална организација стана општина за себе, самостојна општина, и сега да се деградира иако има 10 илјади жители повеќе од Охрид, иако ги има сите инфраструктурни услови? Пак да не биде сектор? Или пак Прилеп, за кој со право нашите колеги Македонци ја кажаа оваа вознемиреност затоа што во народот лошо се доживува доколку нешто имаш и ти се одзема и Прилеп, со тоа што беше сектор, денес, утре со овој закон се претвора во полициска станица од општа надлежност. Кај граѓаните тоа не се одразува добро и позитивно на нивните потреби.

Значи, една од нашите основни начелни забелешки е повредувањето на начелото на рамноправност.

Второ, како црвен фил, овој закон го проследува големата и висока толерантност, големата слобода на високите службеници од високите раководни нивоа, почнвуајќи од министерот, директорот на Бирото, началниците на секторите и тн.

На пример, критериумот на исклучување на вработување без конкурс за потреби кои би ги проценил министерот во едно општество кое тежнее кон реформи колку што е можно помалку исклучоци, толку е попостигната реформата и толку се помали шансите за злоупотреби за избегнување над законот или скандалозна норма на полицијата и без потреба за известување на граѓаните да изврши снимање на јавни активности.

На многу места во многу членови, многу ставови на полицијата, на раководните структури, што не е добро, им се дава слобода да можат, а не да требаат. Според нивна проценка може, меѓутоа, не е задолжително.

Беше добра шанса амандманите на многу почитуваната пратеничка Весна Јаневска да се усвојат, јас не знам зошто предлагачот не ги усвои, дали дека пратеникот од парламентарната група ДУИ и ПДП се става во одбрана на истиот, инаетот не не води никаде.

Или амандманите од пратеничката Роза Топузова-Каревска секој да се разгледа поединечно сите биле во функција на подобрување на текстот и тие елегантно беа одбиени или се создаде клима за да се повлечат.

Утрешното искуство ќе не убеди колку потребни и колку добредојдени биле тие интервенции кои биле искрени, добронамерни и потребни. Меѓутоа, еве предлагачот или претставникот на Владата не го зема за потребно да ги прифати тие амандмани.

Еден друг дефект кој ќе ни остане во сеќавање во периодот кога дебатираме и говориме за овој закон е моментот, без преседан, на одбивање на амандманите на Владата, амандмани кои беа поднесени од ЛДП, Партијата на Турците и на коалицијата ДУИ-ПДП.

Сета оваа клима толку ја обремени расправата за овој закон дотолку повеќе што и самиот предлагач вели дека овој закон од денот на донесувањето ќе влезе во сила по една година. Доколку една респектабилна група на пратеници, еден политички блок упорно, поради оправдани причини, бара, инсистира, предлага, сугерира предлагачот да го повлече овој закон се со цел во втората фаза да имаме подобар текст, а утре и

подобар закон. Меѓутоа, ова не се случи. Зошто? Затоа што мнозинството е тука, законот ќе се донесе и што потоа? Овој закон ќе се донесе во една атмосфера кога речиси 15 градоначалници уште од сега се изјасниле дека нема да го почитуваат овој закон, дека овој закон е против нивните надлежности и против Законот за локална самоуправа и интересот на граѓаните чии претставници се тие. Што сега? Априори ја исклучувам можноста некој свесно и намерно создава конфликтни ситуации, па било да е и парламентарното мнозинство, ние ќе го донесеме законот, па тие нека повелат. Не е добро за авторитетот на Македонија.

Доколку помине 1 октомври, доколку 1 октомври беше Денот - Д кој актуелната гарнитура на Владата сакаше да докаже пред Европа дека ние правиме и големи работи, тоа не се случи. Се плашам дека 100-те големи чекори на Владата ќе се спречат со тие окови на полицијата, а и се спречуваат. Сум настојувал даприберам мислења од експерти затоа што самиот не се сметам за надлежен да го кажам последниот збор за оваа област. Верувајте, така како што беше кажано тука дека овој закон има 1001 недостаток, тоа го велат и експертите. Јас си земав за обврска тука пред вас да проследам еден дел од забелешките кои добрите познавачи од оваа област, од овој сегмент, од оваа дејност го велат вознемирени.

Ќе спомнам само некои од забелешките, затоа што се многу, имам впечаток дека ќе се повторам, а не би сакал, со тоа што моите колеги веќе го имаат кажано.

Предлог-законот произлегува како дополнителен дел од Законот за внатрешни работи во време кога требаше да биде поцелосен закон не само за приемот во полицијата, туку и за кариерата и движењето во хиерархијата на персоналот и условите за отпуштање од полиција и третирањето при истото.

Втората забелешка која на независен начин самостојно неколку групи на експерти ја имаат дадено е во однос на концептот на полициските работи.

Во членот 5 од Предлог-законот во концептот “полициски работи” се дава главните задачи на полицијата и последниот став “други работи утврдени со закон”. Тоа не треба да постои затоа што остава простор дозволувајќи вршење на работи кои се надвор од овој закон. Доколку имаше и други одговорности, тие требаше да се напишат во овој член. Целиот предлог е изграден врз концептот на политичката контрола врз полицијата. Владата именува директор на Бирото додека министерот ги именува началниците на централните полициски служби и на центрите за гранични работи и началниците на секторите за внатрешни работи и командирите на полициските станици.

Во членот 15 се даваат задачи на Бирото за јавна безбедност и во точка 8 се вели: “Други работи утврдени со закон”. Во овој случај не е јасно дали е закон за полиција или има и други закони. Доколку има и други работи кои може да ги врши Бирото, тогаш тие треба да се предвидат со овој закон, а не да се остави простор за интерпретација.

Една интересна забелешка во членот 17 последниот став се вели дека началникот на централните полициски служби го назначува и разрешува министерот. Експертите кои работеле на оваа анализа велат, треба да се додаде, на предлог на директорот на Бирото за безбедност затоа што директорот ќе биде тој кој ќе ја мониторира, ќе ја надзира работата на началниците на централните полициски служби.

Понатаму, во членот 28 последниот став вели дека можат да се користат и средства за присилба под услови и начин утврдени со закон. Во време кога се напишани работите што може да ги врши полицијата, овој став ги надминува надлежностите на полицијата ставајќи ја употребата на средствата за присилба без да се каже кои се тие и под кои услови можат да се употребат.

Во членот 29 во одредбите за полициските овластувања можат да се вршат и од вработени во Министерството за внатрешни работи кога вршат полициски работи. Експертите велат дека ова не треба да се прифати, бидејќи полициски работи вршат само оние што се дел од полицијата, а не било кој друг вработен во Министерството.

Во членот 89 се дадени случаи на употреба на огнени оружја од полицијата. Точката 4 е непотребна затоа што е повторување на алинеа 3 и се претерува со употребата на оружје во време кога лицето не е толку опасно и кога може да се фати поинаку, а не со оружје кое може да одземе живот.

Уште една друга интересна забелешка во членот 98 каде се даваат титулите и именувањата на полициските службеници, воопшто не се даваат објаснувања, не се опишува временскиот период како се добиваат овие звања.

Ова беа некои забелешки од страна на експертите чие мислење го ценам и во функција на нашиот ангажман за колку што е можно поквалитетен закон сум прибрал нивни мислења.

Приврщувајќи со мојот говор, ќе ми дозволите накратко да ги кажам мислењата на еден мој гласач кој доста сериозно ја следи оваа расправа за законот за полиција. Ми се обрати со молба, користејќи го моето право на дебатирање на овој Парламент да ги проследам неговите вознемирувања и грижи како граѓанин, како мој гласач и како совесен интелектуалец за создадената клима во Македонија ексклузивно како последица од оваа стерилна, јалова расправа, на глувото уво на парламентарното мнозинство и на упорноста на пратениците на ДУИ и ПДП.

Ќе ве молам за трпение, не верувам дека ќе ми одземе многу време.

На својот пат за интеграција во евроатлантските структури Македонија треба да реализира една серија реформи во администрацијата со посебна нагласка во полицијата, а пред се во судството. Меѓутоа, ќе нагласам уште еднаш, една од реформите кои се суштински и кои треба да се направат е токму таа кај силите за безбедност. Дозволете ми, полицијата, народски кажано, се уште се доживува како сила на присилба. Новиот закон за полиција треба да го одрази духот на Охридскиот договор потоа да се усогласи со правните акти почнувајќи од Уставот, Законот за внатрешни работи, Законот за локална самоуправа и меѓународните стандарди. Затоа и вие бидете тие кои ќе одлучувате за овој закон, претходно треба да го прочитате. Ни се обраќа нам, треба да го прочитате Уставот, Охридскиот договор и другите акти со кои има врска овој закон, како што се Законот за внатрешни работи, Законот за локална самоуправа, Охридскиот договор и јасно е напишано што треба да содржи новиот закон за полиција.

Во анекс А од Охридскиот договор се вели: "Со цел на обезбедување дека полицијата е свесна и одговорна за потребите и интересите на локалното население, локалните началници на полицијата ќе ги избираат советниците на општината од листата на кандидати предложени од Министерството за внатрешни работи и истите редовно ќе комуницираат со советите". Министерството за внатрешни работи ќе го има овластувањето за разрешување на началникот на локалната полиција во согласност со законот.

Додека анексот Б од Охридскиот договор сега веќе е составен дел на Законот за локална самоуправа донесен во 2002 година. Од овде може јасно да се види дека духот на овој договор е локалната самоуправа да може да именува началници на полицијата и да има информација од истите. Меѓутоа, еден многу значаен акт кој не треба да се заборави е дека локалната власт треба да има контрола и информации како од областа на безбедноста така и од областа на сообраќајот.

Врз основа на Законот за локална самоуправа една од надлежностите на општинскиот совет е и таа да избере лице кое ќе раководи со подрачната единица на Министерството за внатрешни работи во општината. Додека во Предлог-законот за полиција на општинскиот совет му се дава надлежност да избере шеф на полициската станица од општа надлежност. Се поставува прашање кој закон треба да го спроведе општинскиот совет? Дали Законот за локална самоуправа или законот за полиција?

Да ве потсетам, Законот за локална самоуправа се донесува со двотретинско мнозинство од општиот број на пратеници и овој закон е еден вид устав за локалната самоуправа. Затоа за да не се ставаат во дилема општинските совети во согласност со кој закон да се однесуваат, јас ви сугерирам законот за полиција да се усогласи со Законот за локална самоуправа. Можам да ја разберам тенденцијата, настојувањето на еден дел од македонскиот политички блок, меѓутоа и на добра структура инсталирана во Министерството за внатрешни работи овие одредби од Охридскиот договор и на Законот за локална самоуправа да се омаловажат и тие и понатаму, мислам на еден дел од македонскиот политички блок и некои структури во Министерството за внатрешни работи и понатаму да имаат апсолутна контрола врз силите за безбеност и тие на јавната безбедност.

Кога се говори за реформи во системот за безбедност тие не подразбираат само полиција, само униформа, туку подразбираат и други сектори опфаќајќи го тука и целото МВР.

Треба да ве потсетам дека донесувањето на законот за полиција беше јаболко на раздор и меѓу партнерите од поранешната владина коалиција. Недоразбирањата биле нагласени посебно во делот на законот каде треба да се имплементира одредбата од Охридскиот договор и внатрешното организирање на полицијата.

Ме зачудува фактот како ова парламентарно мнозинство се согласува со верзијата на овој закон и тоа без да се направи било каква измена или промена во уставните одредби.
Овој закон не ги исполнува барањата за длабоки реформи во полицијата. Не ја зајакнува довербата во полицијата за да се обезбедат реформи, во прв ред треба да им се даде можност на новите кадри, образувани и обучени во улсови демократскиот систем. Овие кадри, преку овој закон и со последното козметичко интервенирање од страна на Владата се исклучуваат од нивниот директен непосреден ангажман во реформите во полицијата. Затоа што искуството што и сега се бара е бариера што тешко се пребродува за новата генерација на полициски службеници и офицери. Затоа реформите во полицијата, со овој дух и оваа определба ќе бидат поразени, неуспешно.

Во овој закон не се имплементирани одредбите во Охридскиот догоров и тоа во неколку аспекти:

Именувањето на началниците на полицијата според Охридскиот договор и Законот за локална самоуправа треба да се направи од стрнана на локалната самоуправа. Меѓутоа, според овој закон нивнот именување ќе се направи од министерот на Министерството за внатрешни работи. Духот на Охридскиот договор е да со секторот за внатрешни работи раководи лице именувано од локалната самоуправа.

Употребата на албанскиот јазик со овој закон воопшто не е уредено. Или пак, кажано подобро е заобиколено.

Каков ќе биде натписот на полицијата, на седиштето на секторот? Како ќе биде напишано на униформата што ќе ја носи полицаецот? Ќе пишува и турски во заедниците со турско мнозинство. Ќе пишува албански во етнички чисти албански општини. Како ќе пишува на возилото на полицијата? Изјавата што ќе ја дава полицаецот албанец пред албанскиот командир ќе биде и на албански или пак ќе биде само на македонски?

Комуницирањето во админстрацијата на полициската станица во чиста албанска општина, со албански командир, со над 90% албански персонал ќе биде само македонски? Како ќе ја добие поканата за таканаречениот информативен разговор граѓанинот албанец од инспекторот албанец, од командирот албанец? Ќе ја добие на македонски?! Комуницирањето со граѓаните, прашува гласачот како ќе се изврши?

Според овој закон, за поефикасно функционирање на полицијата Македонија се дели на 8 секотори. Доколку се анализира оваа потреба ќе се види дека воопшто не се почитувани критериумите што самиот утврдувач ги утврдува, туку ова е направено со позадина да општините со албанско мнозинство и евентуално општините со трурско мнозинство да се заобиколат, да бидат контролирани во сите аспекти. Во утврдувањето на овие секотри може јасно да се види и позадината со што се насотјува да се контролираат овие општини.

Типичен пример е Секторот за општи работи Охрид, кој ги опфаќа општините Дебар, Центра Жупа, Струга, Кичево заедно со Зајас и Осломеј. Се разбира, мнозинството на персоналот што ќе раководи со овој сектор и овие структури ќе се именуваат од министерот и понатаму ќе управуваат со овој сектор, почитуваајќи ги општините, градоначалниците и општинските совети. Но сите овие центри за внатрешни работи ќе има се на се 38 полициски станици од општа надлежност. Од овие полициски станици само 5 ќе бидат во општините со албанско мнозинство. Општината Шуто Оризари се исклучува од ова рангирање, иако ќе беше многу позитивен пример, добар сигнал на Владата да Шуто Оризари, општина со ромско мнозинско население да имаат полициска станица од општа надлежност. Ќе беше позитивно рефлектирање на адреса на ромското мнозинство од страна на оваа Влада. Но, за жал, ова не се случи.

Продолжуваме понатаму. Во секторот за внатрешни работи Тетово што ги опфаќа сите опшитни на Тетово и Гостивар, со околу 310 илјади жители ќе има само две полициски станици од општа надлежност. Сепак, во сектрот Штип, кој има 250 илјади жители, таму има 7 полициски станици од општа надлежност. Испаѓа дека двете полициски станици од општа надлежност Тетово и Гостивар да администрираат со над 150 илјади жители, додека пак полициските станици од општа надлежност за секторот Штип имаат околку 35 илјади жители за една полициска станица.

Проблем е да се убедат жителите на опшитна Теарце зошто Виница ги исполнува условите да биде полициска станица од општа надлежност, додека пак станицата Теарце може да биде само полициско одделние. Тоа ќе биде проблем за жителите на општина Липково, станицата Матејче да биде полициско одделение, полициска станица од општа надлежност, со самиот факт што таа полициска станица ја играше главната улога, клучната улога во враќањето на довербата на граѓаните во овој значаен сегмент на државата. Да не говорам за полициската станица Жеровјане, што ја покрива општина Боговиње и Брвеница.

Апсурдот што се предлага со овој закон е прашањето на граничната полиција и центрите каде што се поставуваат нивните команди. За источната граница е Делчево, за северната Скопје, за јужната Кавадарци, додека пак за западната Охрид. Делог на западната граница, каде за центар е утврден Охрид го покрива и градот Кичево, кој е гранична зона и Дебар кој е гранична зона и Струга што е гранична зона. Меѓутоа, со право се поставува прашањето зошто Охрид, кој еднаш неправедно е седиште на секторот за внатрешни работи и понатаму продолжува да биде и центар на граничната полиција.

За овој закон имам уште многу други забелешки,меѓутоа верувам дека овие што беа порано се доволни за тоа да се види кои треба да бидат мотивите кога ќе одлучувате за овој закон да не го гласате. Или пак, подобро кажано, да го повлечете.

Доколку пратенците на ДУИ не се согласија со овој закон тогаш кога беа на власт, ги поканија сите пратеници албанци не зависно на кој политички блок припаѓаат да се стават во заштита на интересто на граѓнинот, да се стават во заштита на гласачот, да се стават во заштита на печалбар кој 15-те дена одмор што треба да ги помине тука, треба да ги помине на патот сопствен дом - полициска станица за еден банален документ. Полицијата, во целост е основен главен показател за да се процени колку една држава ги почитува правата и слободите на човеко или, колку таа држава е правна, колку во таа држава функционира законот.

Има уште една тенденција што се сака да се постигне со донесувањето на овој закон. Се сака да се постигне реформа само во полицијата а не во целиот безбедносен сектор што би ги опфатил и државниот сектор за безбедност. Сето ова би се постигнало кога во политиката во Македонија, во политиката во целост на посебен начин кај претставниците албанци, независно на кој политички блок припаѓаат, доколку надвладееше оправданоста и над партиските интереси ќе дојдоа граѓанските интереси, на гласачите или на националните интереси. Ова е значаен момент да претставниците на народот ја докажат нивната сериозност, нивната посветеност и убедување дека сепак се легитимни претставници, наши, на гласачите на кои се сеќаваат само тогаш кога им треба глас. Вака ни пишува еден граѓанин, гласач, многу вознемирен со тоа што ние го правиме тука.

Длабоко сум убеден дека, кој до сега сакал да разбере, разбрал, дозволете да приврвшам со ова мое јавување, со еден апел утре да не дојдеме во ситуација да гасиме пожар и да ги убедиме градоначалниците да го почитуваат законт. Да ги убедиме граѓаните да го почитуваат законот. Сметам дека ова е последен момент да претставникотна Владата и парламентарното мнозинство ја покажат својата големина,

широкоградост, да го повлечат законот и да ни дадат можност, на Макединија да и обезбедиме квалитетен закон, со кој што сите ние како состав ќе се гордееме и ќе кажеме - ете, го донесовме овој добар закон. Благодарам.

**Љубиша Георгиевски:** Благодарам.

Три минути реплика има господинот Ружди Матоши.

**Ружди Матоши:** Ви благодарам господине претседастеле.

Внимателно го сослушав излагачот, но треба да потсетам на неколку работи. Една политика што треба да се стави во постапка треба да го има во предвид политичкото планирање, спроведувањето на таа политика, персоналот што ќе го стави за да ја спроведе таа политика и истовремено треба да имаме и контрола што треба да се врши на начинот како треба да се развива целиот овој процес.

ДУИ беше 4 години на власт го имаше Охридскиот рамковен договор, планирање што навистина е едно добро и успех за Република Македонија. Но, тие забораваат дека кога требаше да го спроведеме Охридскиот рамковен договор, тие самите го распарчија тој договор.

Да потсетам само за еден случај. Законот за лични документи, за пасоши, вие, господо од ДУИ заборавате дека Македонија со 2 милиони жители, ви донесовте закон што ги дели граѓаните на Македонија. Зошто тогаш не зборувавте политички, како што расправате денес, во тој временски период кога го донесовме Законот за лични документи, туку седевте тука како кокошки?

Ова го велам бидејќи се повикувате во вашите дискусија на тоа дека е крајот на светот доколку се постапи вака како што сме одлучиле ние како парламентарно мнозинство. Ќе ви кажам, а сакам да кажам и пред јавноста дека овие ваши романтични дискусии, меланхолични што ги изнесувата вие како ДУИ не се ништо друго освен празна реторика што навистина е веќе монотона и за самите граѓани, посебно на граѓаните Албанци. Заборавате дека граѓаните знаат што е политика, заборавате дека граѓаните имаат економски проблеми, проблеми со вработувањето. А, со овие ваши дискусии во Парламентов само го губите рејтингор и го губите разумот заради што сте овде во овј Парламент. Ви благодарам.

**Љубиша Георгиевски:** Благодарам.

Контра реплика Адеми, една минута.

**Џеват Адеми:** Се разбирам дека ќе го искористам правото за контра реплика.

Му благодарам на господинот Матоши кој ме потсети на два моменти. Мислев дека ќе се фокусираме на законот за полиција, меѓутоа ме потсети на два моменти. Тоа е Законот за патини исправи што требаше да го донесе парламентарниот состав кога на власт беше партијат на господинот Матоши, меѓутоа тие не успеаја да го направат тоа. Ние го направивме и со наслов на албански.

(Пратеникот Ружди Матоши реагира од место, а претседателот моли за мир).

Што се однесува до проектирањето на политиките, го потсетувам господинот Матоши дека ДУИ Струга ја направи општина, додека ДПА не е во состојба да ја направи полициска станица.

**Љубиша Георгиевски:** За реплика се јави Илија Димовски. Повелете, имате три минути.

**Илија Димовски:** Благодарам претседателе,

Јас се јавив и вчерам да реплицирам на намерате да се објаснува Рамковниот договор, спротивно на она што е напишано во самиот Рамковен договор.

Ќе повторам дека ја ценам желбата на дел од пратениците на ДУИ да дискутираат долго, во насока дека навистина законот е суштински. Меѓутоа, мене ова се повеќе и повеќе ми личи дека е подредено, програмирано дејствување со насока да се дерогира можноста Собранието да донесе еден ваков закон. Меѓутоа, што е тука е, ќе продолжиме да работиме и понатаму.

Во Рамковниот добовор, во Анекс Б се предвидени три работи.

Едната работа е дека локалниот началник, терминолошки така е дефинирано во Рамковниот договор, на полицијата ќе го бира Советот.

Втората работа што е предвидена, Советот на општината може да му дава препораки и

Третата работа е дека Советот на општината може годишно да усвои извештај.

Сите овие три работи се предвидени и во Законот за локална самоуправа, во членот 36 како точки 12, 13 и 14. Што е суштински?

Во точката 12 вели, според Законот за локална самоуправа, членот 36 вели: “Го избира лицето кое раководи со подрачната единица на Министерство за внатрешни работи во општината, во согласно со закон”. Значи, Законот за локална самоуправа се повикува на друг закон. Другиот закон е токму овој закон што денеска го расправаме овде.

Во овој закон за полиција во членот 24,содржината е идентична со она што е напишано во Рамковниот договор. Секој обид поинаку да се објасни оваа работа е чиста политиак во насока да се закочи процесот на донесување на законт за полиција.

Зошто го велам ова? Градоначалниците на ДУИ, односно кои потекнуваат од ДУИ имаат права и обврски исто како и пратениците. Тие права и обврски се да го почитуваат законот и да работат по закон. Нема ништо повеќе, нема ништо помалку од тоа. Идентична е и прецизна содржината на Рамковниот договор. Таа содржина е апсолутно внесена како дел од Законот за локална самоуправа и од законот што денеска го расправаме, законот за полиција.

Затоа, јас би ги замолил пратениците на ДУИ, ако имаат нешто за што да го спората законот за полиција, нека продолжат, нека го спорат. Ќе ги слушаме, ќе дискутираме. Меѓутоа, оваа точка

нека ја исфрлат од нивните говори поради тоа што апсолутно е неаргументрано и апсолутно е евидентно било за нас, било за новинарите, било за дипломатските претставници во Република Македонија итн, итн, Ви благодарам.

**Љубиша Георгиевски:** Господине Адеми повелете имате една минута за контрареплика, но ве молам, притиснете копч е.

**Џевад Адеми:** Ќе се обидам да бидам многу директен. Што се однесува до нашите настапи, ве молам, стрпете се, тоа е наше право. Зарем сакате да ни го ускрататите.

Второ, Охридскиот рамковен договор е многу јасен. И многу јасно прецизира што е началник и што е командир со овој Предлог закон. Законот за локална самоуправа е дециден. Началник или раководител на подрачна единица на Министерството за внатрешни работи кои што треба да го гласат сите совети, тој инсрумент си ја врши дејноста. Со предложениот закон Советот полициска станица со проширени овластувања ќе го гласа. Тој е многу точен.

**Љубиша Георгиевски:** Весна Јаневска има три минути реплика.

**Весна Јаневска:** Почитуван претседателе, почитувани пратеници иако многу кратко слушав од дискусијата, повторно имам впечатк дека малку ги изврртуваме тезите. Сосема е јасно колку е значаен Рамковниот договор за Македонија. Мислам дека по тој основ имаме консензус и дека нема проблем, барем во ова Собрание, ми се чини ни во претходниот состав дека немаше, но сепак мислам дека малку повеќе се злоупотребува и дека како што и минатиот пат реков нема потреба она што би требало да биде стручна работа да го креваме намеѓуетнчки односи. Но пратениците на ДУИ за тоа имаат право. Мене ми се чини дека во последниве два дена, за разлика од претходните нивната дисксија навистина, е конструктивна за разлика од тоа факт е дека има пропусти во овој закон и факт е дека можеше Владата да се потруди, па и пратнеиците на ДПМНЕ да дадат соодветен придонес за подобрување на квалитетот на законот. Точно е тоа дека има некакви нелогичности во однос на централното влијание и на децентрализацијата во полицијата и јас за тоа имав амандмани. Но, ситуацијата во тој момент беше толку страшна, што навистина не можеше да се работи, па јас бев приморана да ги повлечам. Факт е дека има многу точки во тој закон во кој се недоискажани, недоизречени и дека неговиот квалитет е спорен. Но мислам исто така дека како пратеници во ова Собрание треба да определиме конечно што е државен интерес.Ако велиме дека е државен интерес да го донесеме овој закон, така ни се предочува, па така и повеќето дискутанти кажаа, тогаш можеби навистина сите дискусии ќе треба и од оние кои го напаѓаат и од оние кои го бранат да бидат малку поконсструктивни. Ви благодарам.

**Љубиша Георгиевски:** За контра реплика се јави Џевад Адеми.

**Џевад Адми:** Апсолутно се согласувам со госпоѓата Јаневска и жалам што нејзините амандмани не се прифатија. Жалам што заради тоа Законот доколку се усвои ќе биде многу помош, со многу празнини. Апсолутно се согласувам и сакам уште еднаш да нагласам дека до нас сите е да придонесеме и за овој закон да имаме барем минимален консензус кој го немаме. А државниот интерес е квалиттен закон и закон кој ќе го донесеме со консензус. Ако сакате не само државен и национален интерес и македонски и албански. Благодарам.

**Љубиша Георгиевски:** За процедурално се јави господинот Илија Димовски. По кој член ќе спорите.

**Илија Димовски:** Претседателе јас сакам да укажам на нешто што и досега укажував дека името на политичката партија на која што госпоѓата Јаневска мислеше е ВМРО - демократска партија за национално единство или кратенка ВМРО-ДПМНЕ. Ако некому му е тешко тоа да го запамти има други начини, можеме да напишеме на листи, да се има предвид. Меѓутоа, сметам дека е некултурно во најмала рака да се прави од едни меѓусебни односи помеѓу двете политички партии проблем во ова Собрание. Си има процедура, си има закон. Името на партијата е тоа. Јас искрено замолувам да не се злоупотребува оваа ситуација. Благодарам.

**Љубиша Георгиевски:** Повелете госпоѓо Јаневска.

**Весна Јаневска:** Кои се тие други начини, дали во овој момент ми се заканува пратеникот од парламентот. Што сака да каже во однос на помнењето пратеникот на ДПМНЕ и што е тоа што вообичаено се подразбира за партијата што толку ги прави вознемирени и нервозни пратениците од ВМРО ДПМНЕ, па во секој момент кога и случајно ќе се случи да се скрати заради времето називот, реагираат вака како што реагираат. Благодарам.

**Љубиша Георгиевски:** Добро сега да не ја разгоруваме оваа процедурална дискусија. Имаше еденпропуст од ваша страна ДПМНЕ не се додаде, вие сега раковте дека е тоа случајно, не е намерноi тука мислам да ја прекинема таа процедурална расправија, затоа што не чекаат големи задачи. Највисокот државен интерес е овој закон да го донесеме со максимални осврти, со максимални анализи и со максимално демократска процедура.

Има збор господинот Садула Дураку.

**Садула Дураку:** Почитувани дами и господа пратеници ова е трета недела како се расправа Предлог законот за полиција во овој Парламент. Од оваа говорница сакам да ја известам широката јавност дека за нас најмалку е значајно колку ќе трае парламентарната расправа, бидејќи од поголемо значење за нас е на граѓаните да им донесеме еден вистински реформски закон и да биде во согласност со меѓународните стандарди и критериуми. Ние ќе бидеме тука, толку колку што е потребно. Се додека на предлагачот не му објасниме дека овој закон е антиреформски закон

и неминовно треба да се повлече од парламентарна постапка. Во продолжение вели да објаснам детално и причините за овој став на коалицијата Демократска унија за интеграција и Партијата за демократски просперитет. Во самиот почеток почитувани пратеници сакам да ви укажам во два објективни елементи кои се поврзуваат со Предлог законот за полиција.

Прво, ве потсетувам дека Законот за полиција е обврска која произлегува од Охридскиот рамковендоговор. Со оглед на фактот дека Охридскиот договор е еден политички договор склучен договор помеѓу Албанците и македонците тогаш овој закон не може ниту ќе се донесе без согласноста на мнозинството пратеници Албанци. За да дојдеме до еден широк консензус со Албанците и без политичката волја на Албанците да немате дилема дека овој закон ќе може да се донесе вака како што сме почнале.

Второ, почитувани дами и господа полицијата е основен столб за изгрдбата на взаемната доверба и функционирањето на Македонија како мултиетничка држава. Во мултиетничките општества и демократски како што е и Македонија улогата и функцијата на полицијата се прашања доста чувствителни. Не случајно овој закон е обврска од Охридскиот рамковен договор. Затоа, суспендирањето и кршењето на начелото на Бадинтер, што се случи со одлуката на Комитетот за односи меѓу заедниците на 29 септември о.г., не само што го крши правото на вето за Албанците како второ мнозинство во Македонија гарантирано со Устав. Но, истовремено, имаме сериозни дилеми кај Албанците дека ова гарнитура ќе го суспендира ова уставно право на Албанците секогаш кога тоа ќе го посака. Доколку Законот за полиција не се донесе со Бадинтеровото начело, тогаш нема да се донесе Законот. Нема воопшто да се донесе овој закон за полиција.

Зошто го велам ова? Законот ќе се донесе од Парламентарното мнозинство, но Законот нема да биде применлив во секојдневниот живот од Албанците. Во однос на Бадинтеровото начело и кршењето на ова начело, дозволете ми да кажам дека за жал, кршењето на ова начело во Македонија ја враќа состојбата од пред 2001 година. Ни ги враќа состојбите, кога сите прашања поврзани со правата на Албанците се надгласуваа од македонското мнозинство. Жалам што во оваа прилика за да ги заштитат тесно партиските интереси, се прекршија општите албански интереси во Македонија. Правото на вето е основно право кое ги штити Албанците од мајоризација. Со узурпацијата на ова право на актуелната политичка гарнитура со цел да го провоцира повратокот на мајоризацијата и со цел да предизвикува отворање на поглавја, болни поглавја од историјата на Македонија од пред 2001 година. Поради оваа горка реалност почитувани дами и господа уште еднаш бараме Предлог законот за полиција да се повлече и тоа што побрзо од Парламентарна постапка и да се земат предвид есенцијалните забелешки на коалицијата ДУИ ПДП. Секако дека предлагачот може да го донесе овој закон без согласност на албанското мнозинство. Но, јас ве уверувам дека еден ваков закон нема да биде почитуван од страна на Албанците во сите општини каде се во мнозинство. Во продолжение, подетално, ќе ги елаборирам нашите забелешки во однос на Предлог законот за полиција.

1. Предлог законот за полиција во ниту едно поглавје или член не ги одразува одредбите од Охридскиот рамковен договор. Охридскиот договор е основната рамка која ја обезбедува иднината на демократијата на Република Македонија и овозможува развој на поблиски односи и поинтегрирачки меѓу Македонците, Македонија и Евроатланските структури. **Љубиша Георгиевски:** Еден момент ве молам.

**Садула Дураку:** Ќе ве сочекам.

**Љубиша Георгиевски:** Повелете господине Дураку.

**Садула Дураку:** Благодарам.

На Македонија и овозможува поблиски односи и поинтегрирачки меѓу Македонија и Северо-атланските структури.Неопфатот на одредбите од Охридскиот договор укажува дека за жал, раководната гарнитура нема концепт, нема капацитети, ниту спремност за да го оствари Евроинтегрирачкиот пат на Република Македонија. Ќе ве потсетам уште еднаш јавно дека Охридскиот Рамковен договор е најголемиот аргумент и најјаката гаранција која Македонија може да ја зачлени во Европската Унија. Дали сме спремни оваа перспектива да ја ставиме под знак прашалник. Мислам дека не. Затоа ве повикувам уште еднаш да размислите добро околу ова прашање. Овој Предлог закон во ниту еден негов дел уште од општите начела и до улогата на полицијата во самата заедница не го зрачи мултиетничкиот карактер на државата, не зависно од тоа дека бившите министри за внатрешни работи во минатите денови зборуваа за значењето на професионалноста во полицијата и за тоа дека како и колку е добар овој документ од технички аспект.

Ќе кажам дека полицијата беше репресивен апарат на државата која систематски вршеше насилство врз албанците, во минатото.

Во мултиетничките демократски општества, полилцијата од еден апарат на закани,треба да се претвори во еден безбедносен апарат за самите граѓани.

Полицијата во оваа држава треба да се подготви за да одигра позитивна улога во изградбата на меѓуетничките односи, во правец на ублажување и намалување на напнатостите кои можат да предизвикаат етнички конфликт во нашето општество. Затоа реформите во полицијата се од големо значење и тоа е нешто неминовно, за да за овој полилтички проект, или предлог, да се даде согласноста на клучните полилтички актери во земјата.

Второ, овој Предлог-закон, така како што е предложен не предвидува конкретни механизми за остварување на процесот на правична и соодветна застапеност. Дами и господа, правичната и соодветна застапеност е уставна обврска на Република Македонија и непочитувањето на ова начело, значи непочитување на Уставот на Република Македонија. Обезбедувањето на диверзитетот во составот на полилцијата, во мултиетнички дсржави е основен столб за функционирањето на добрите односи помеѓу полициската служба и населението. И претходно кажав и ќе повторам, албанците полицијата секогаш ја гледале со една доза на страв, со резерва и недоверба. Тогаш, поради ова треба да имаме еден закон, содржински закон и за самите албанци. Измената на овој имиџ ќе се постигне преку порастот на застапеноста на албанците во полилциските структури.

Предлог-законот за полиција не го предвидува начинот како ќе се оствари оваа обврска. Со жалење констатирам, почитувани присутни дека актуелната полилтичка гарнитура која го брани овој Предлог-закон, нема подготвеност да ја оствари уставната обврска за правична и соодветна застапеност. Оваа гарнитура се плаши од што поголемото вклучување на албанците во самата поллиција.

Почитувани присутни, законот за полиција кој навистина претендира да има реформски карактер, така како што се бара од нас, со меѓународни критериуми, треба да содржи задолжиттелни обврски и најмалку еден член кој ќе го дефинира и ќе го уреди прашањето на остварувањето на процесот на правична и соодветна застапеност на сите нивоа и во безбедносните структури. Истовремено, Предлог-законот за полиција треба да содржи иницијативи и конкретни процедури и постапки преку кои ќе има пораст на застапеноста на албанците и другите заедници во полилциската служба. Само една конкретна интервенција со посебен член во оваа област, може да ме убеди дека навистина постои подготвеност и тоа сериозна за да се унапреди првичната застапеност во полиоцијата. Се додека не постои добра волја за воведување на една позитивна дискриминација во овој закон, во однос на полицијата, за постигнувањето на правична и соодветна застапеност можам да констатирам дека не постои ниту добра волја за соживот на албанците и другите заедници во земјата. Тоа е вториот аргумент зошто Предлог-законот за полиција треба да се повлече од парламентарна постапка, и тоа што е можно побрзо.

Третиот аргумент зошто овој закон е неприфатлив за албанците, се поврзува токму со организацијата на полициските структури, член 19 од овој закон. Овој Предлог-закон предвидува формирање на сектори за внатрешни работи каде и моите колеги говореа пошироко за овој член, но е значајно бидејќи немавме јавна расправа со граѓаните и со општинските совети, да слушнат што ќе кажеме ние од ДУИ, во однос на ова прашање.

Овде има вкупно 8 сектори и тоа: Сектор за внатрешни работи Скопје, Сектор во Битола, Велес, Куманово, Охрид, Струмица, Тетово и Штип. Секој од овие сектори е одговорен за вршење на полициски работи дефинирани во членот 5 од Предлогот на законот.

Во неколку општини групирани и организирани според утврдените критериуми од страна на предлагачот на овој закон, прво во членот 5 не се предвидува ниту една одредба или став во врска со изградбата на добри односи меѓу етничките заеници.

Прво, реков во членот 5 не се предвидува ниту една одредба или ниту еден став во врска со изградбата на добри односи меѓу етничките заедници, а вториот проблем се самите сектори кои се предлагаат. Овде јавно ќе кажам дека забелешката на ДУИ и нашиот коалиционен партнер ПДП, не е и никогаш не била само Секторот во Струга. Дами и господа, ова е за зачудување. Проблемот е самата идеа за основање сектори, сектори кои се над надлежностите на самие општини, над надлежностите на општинските совети и над надлежностите на градоначалниците. Целта на вакви сектори е да се воспостави повисока политичка контрола над началниците, посебно во општините каде овие началници им припаѓаат на немакедонската заедница. Ова кажува дека сеуште нема подготвеност за да му се верува на албанецот, да раководи со полициските служби. Јавно прашувам и барам одговор, кој ќе ги избере шефовите за внатрешни работи што се дефинира во член 19. Ќе го цитирам тој член. Тој вели: “Заради заштита на безбедноста на Република Македонија кога јавниот ред и мир е нарушен во поголем обем, или заради спасување на луѓето и имотот при природни непогоди и други несреќи, директорот на Бирото може да формира полициски единици за извршување на определени задачи”. Како може да формира полициски единици, раководителот на Бирото и на кого му полата сметкс бирото освен на министерот. Доколку формира полициски единици, како што и цитирав во член 19, се формираат единици за елементарни непогоди. Тогаш таа полициска единица на кого ќе му положи сметка, каква одговорност сноси и во каков формален однос ќе бидат тие со началниците на локалната полиција. Неприфатливо е и недозволиво на овој начин ние да промовираме регионализација на државните институции и да го деградираме нашиот двостепен систем на децентрализацијата. Или во спротивно, предлагам државата да иницира регионализација на сите институции на државната управа. А зошто не? На овој начин да се регионализираат и другите министерства. На пример, Министерството за транспорт и врски.

**Љубиша Георгиевски:** Ве молам држете се до темата. Ова е закон на Министерството за внатрешни работи.

**Садула Дураку:** Се држам до темата.

За волја на вистината, ќе ве потсетам дека основањето на ваквите сектори и посебно нивниот број, не се дефинира ниту со националната сграгегија за реформи во полицијата, од февруари 2004 година.

Донесувањето на Предлог-законот со сите овие сектори ќе го деградира и несомнено ќе ги демотивира општинските структури. За да дојдеме до верба на населението во безбедносните органи, во општинската полиција, треба да имаме многу одговорност за одржување на јавниот ред и мир и контолата на началникот на полициајта треба да биде под политичка контрола на општинските органи. Ова е третиот аргумент зошто Прдлог-законот треба да се повлече и доработи.

Предлог-законот не определува кои функции и услуги, граѓанско-административни ќе прејдат во надлежностите на општинската полиција, локалната полиција. Целта на реформата во полиција е исто така да се направи трансформација на неколку услуги, граѓанско-административни до општинските органи. Имајќи го во предвид ова што го кажав во текот на овој процес, начелата на децентрализацијата на власта, административно-полициските услуги, како што е издавањето на лични документи треба да прејде во надлежност на општините. Инаку која е функцијата на децентрализацијата во самата полиција. Ние попусто би направиле децентрализација. Тогаш воопшто немало потреба Македонија да направи децентрализација, за кое нешто изгубивме многу време. Надлежностите на началникот на полицијата во општините, центарот за внатрешни работи, надзорот над безбедносната состојба во општината, координацијата и управувањето на ангажманот на полицијата, комуникацијата со другите станици и со оперативните единици во секторот, регионалните центри утвдени во Предлог-законот, актуелниот Преедлог закон, но во посебни сектори во рамките на Министерството за внатрешни работи, а не во рамките на општините. Овие се неколку факти дека е направена разлика помеѓу неколку општини и помеѓу самите граѓани. Неколку општини се дискриминирани со овој закон. Ќе дадам пример.

Општина Липково се дискриминира од општина Кратово и од општина Куманво. Но, општина Куманово не е виновна, виновен е Предлог законот кој е пред нас.

Превентивните патроли и интервенцијата во случај на несреќни случаи и конфликти меѓу граѓаните. Општата контрола на патниот сообраќај, безбедноста, осигурувањето на земјата, на настанот до пристигнувањето на криминалната полиција и агентите. Одржувањето на постојани контакти со граѓаните, со релевантни институции на општината, училиштата, пазарите, обезбедување на јавни манифестации и присуството на органите на јавните плоштади. Спроведувањето на наредбите за приведување, поддршката на Министерството за внатрешни работи во текот на операциите кои се повзуваат со иселеништвото и странски државјани. Полициските центри да изготват извештаи во врска со преставките на граѓаните за интересите на полицијата на централно ниво. Без овие дефинирани надлежности и тоа на јасен начин во овој Предлог закон, ве уверувам почитувани пратеници дека општините нема да го почитуваат овој закон за полиција и тоа под ниту еден услов.

Под 6, употреба на официјален јазик. Дами и господа пратеници Предлог законот за полиција со ниту еден збор, со ниту еден единствен збор не ја употребува официјалната употреба на албанскиот јазик во полициската служба. Албанскиот јазик е втор официјален јазик во земјава, како што се Албанците второ мнозинство во оваа земја. Неуредувањето на официјална употреба на албанскиот јазик подразбира непочитување на точка 6 и посебно 6.5 од Охридскиот рамковен договор, како и непочитувањето на член 7 од Уставот на Република Македонија.

Почитувани присутни, ве потсетувам дека јазикот е клучниот поврзувачки мост помеѓу разните заедници. Само вистинската и добра комуникација може да произведе и договор. Непознавањето на јазикот е сериозен хендикеп, посебно во вршењето на должностите како што е сочувањето на јавниот ред и мир од страна на полицијата. Затоа Предлог законот треба да го има во предвид и во секое ниво да зрачи во однос на многујазичниот карактер на Македонија. Само со доброто уредување на јазичниот аспект може да дојдеме до добра и ефикасна комуникација како во самата полициска служба, така и помеѓу самата полиција и локалното население. Ќе имате уште малку трпение да објаснам уште неколку членови во однос на овој Предлог закон кој е пред нас. Актуелниот Предлог закон во ниту еден член не ја уредува употребата на албанскиот јазик, ниту во членот 44 приведуведувањето, ниту во членот 41 повикување, или повикување на информативен разговор, ниту во членот 59 контрола од страна на полицијата, ниту во членот 61 кој предвидува поведување на кривична пријава приватна од страна на граѓаните до полициските органи. Ќе направам еден осврт на член 44 кој член вели: Лицето може да се повика во време од 6 до 22 часот. Ако постои опасност од одлагање полицискиот службеник е овластен да го повика лицето и надвор од времето утврдено во ставот 1 на овој член. Доколку е Албанец, на кој јазик ќе го повика?

Член 41 утврдување на идентитет на предмет се врши заради утврдување на истоветноста, обележјата и својствата на предметот, или односот помеѓу лицата, или настаните и предметите. Министерството е овластено јавно да објави фотографија, снимка, цртеж, или опис на предметот ако е тоа од значење за утврдување на идентитетот на предметот. И овде јазикот не се спроведува. Ако е граѓанинот Албанец, на кој јазик ќе му се обрати полицискиот орган?

Член 61кој предвидува покренување на кривична пријава од страна на граѓаните до полициските органи. Дами и господа парламентарната група ДУИ, ПДП бара еден посебен член во овој закон кој ќе ја уреди официјалната употреба на албанскиот јазик. Ние бараме законот да предвиди и да го уреди вработувањето на двојазичен персонал кој ќе им служи на граѓаните било во цивилни служби на самите шалтери. Но, посебно во соочувањето на населението со полициските службеници истовремено полицијата треба да понуди информативни услуги за сите граѓани на соодветниот јазик кој го говорат тие граѓани.

Полициските амблеми, значки како на пример моето девојче е во трето одделение и сеуште не знае да чита на македонски јазик. Кога ќе го види полицаецот, но на албански знае, бидејќи тоа и е мајчин јазик, како ќе го препознае дека е полицаец. Тогаш важи тоа што сака да се внесе страв уште од детството кај самите Албанци. Значи, ние предлагаме на значката да се напише и на албански јазик, а зошто да не се напише и на турски јазик во местата, во тие општини каде што Турците се во мнозинство.

Полициските возила, како и објектите каде што се полициските станици треба да бидат забележани покрај на македонски јазик и со албанското писмо, или на јазикот на некоја друга заедница која е мнозинство во таа општина. Само многујазична полиција може да одигра активна и ефективна улога и да ги охрабри етничките заедници за да и помогнат во извршувањето на нејзините должности и да комуницираат со нив со една поголема взаемна доверба.

Воведење на законски одредби за мултиетничките патроли во земјата е 7-от аргумент кој е против овој Предлог закон. Предлог законот кој е пред вас не предвидува во ниту еден момент постапки на мултиетнички патроли во мултиетничките општини во Македонија. Ваквиот пристап ја поттикнува уште повеќе сегрегацијата, го зголемува стравот и недоверба на граѓаните до полициската служба, го обледува и во крајна инстанца ја оневозможува целосно ја оневозможува соработката меѓу локалното население и полицијата во однос на одржувањето на редот и мирот. Патролите составени од полицијата од сите етнички заедници со знаци, двојазични знаци ќе овозможи што поефикасна соработка меѓу населението и самата полиција. Еден ваков аспект ќе влијаеше исклучително многу за порастот на взаеманта доверба меѓу граѓаните и полициските служби.

Осмо, механизмите за обезбедувањето на одговорноста на полицијата, законот за полиција треба да биде усогласен со сите одредби и меѓународни стандарди врз правата на човекот, опфајќајќи ги и нормите врз правата на немнонзинските заедници. Механизмите за осигурувањето на одговорноста на полицијата во текот на вршењето на нивните должности во мултиетничка држава имаат клучна улога за изградбата на довербата помеѓу населението и полициските структури. Предлог законот за полиција треба да содржи одредби кои ќе обезбедат граѓанска и јавна контрола во однос на работата на полицијата внатре во полициската структура. Создавањето на институцијата на Народниот правобранител за полицијата е исто така ова е една позитивна страна. Законот за полиција треба да содржи норми кои ќе обезбедат граѓанска и јавна контрола на полицијата внатре во полициската структура. Дека во самата полициска структура постојат проблеми кои може на граѓанинот многу полесно да му се направи една неправда на самиот граѓанин од страна на полициските структури. Законот за полиција треба јасно да ги утврди прописите на однесувањето на самата полиција во текот на спроведувањето на законот и посебно да се грижи за начелата за правичната и соодветна застапеност и употребата на јазикот од овој аспект во мултиетничките општини. Законот треба да гарантира патрола на мултиетничка патрола.

Дами и господа, почитувани присутни, Македонија по 2001 година е една нова Македонија. Во оваа Македонија Албанците се второ мнозинство признато со актите од 2001 година. Бидејќи е вака нивната волја не треба да се наруши на пристрасен начин така како што се настојува, нивната согласност за остварувањето за политичката реформа опфаќајќи ја и реформата во самата полиција е основен предуслов за да се гарантира дека една ваква реформа е можна. Демократијата на Македонија не може да се изгради без Албанците бидејќи на овој начин ќе градиме една подобра иднина. Изградбата на демократијата во оваа земја нашиот познат начин за сите нас е забелешките на ДУИ и ПДП по Предлог законот за полиција треба да ги има предвид госпоѓата министер. До 2001 година Албанците не беа дел од политичкјиот процес, најмалку не бевме релевантен дел на тој процес како што се инсистира да не бидеме и денес. Но, Македонија, денешна Македонија не е таа од пред 2001 година. Затоа не може и не смеат да важат правилата кои важеа во тоа време во Македонија. Бидејќи е вака Албанците бараат да бидат активен дел на изготвувањето на Предлог законнонт за полиција. Тие сакаат нивното мислење да се земе во предвид што побрзо. Зошто велам Албанците, бидејќи ние ја имаме довербата на Албанскиот народ овде во овој Парламент и ние го имаме мнозинството. Што побрзо етничките Македонци да разберат дека ангажманот на Албанците не подразбира со автоматизам закана, уцени, или слично во однос на државата.

Тука е вистинскиот интерес за учество во процесот на одлучување. Толку ќе биде полесен нашиот пат кон реформите. Само заедно со Албанците може да се изгради еден вистински безбедносен систем на нашава земја. Без нив само ќе се вратиме на стариот хегемонистички систем кој е насилен во однос на Албанците, така како што беше до 2001 година.

Поради овие причини, почитувани пратеници уште еднаш јавно барам Предлог законот за полиција да се повлече од парламентарна псотапка, и да претрпи уште една подобра повистинска студија, истиот да има еден поширок консензус, како политички така и национален. Иако овде може да имат и политички консензус освен ДУИ и ПДП. Но, од друга страна треба да ви биде јасно на сите граѓани на Република Македонија, дека и до колку се донесе овој закон за полиција, ќе се донесе без гласот на албанското гласачко тело. И е многу тешко да се убедат општинските совети, и многу е тешко да се убедат градоначалниците на општините каде нема полициски станици од општа ндлежност. Ова навистина е дискриминација за таа општина. Дали таа општина е со албанско мнозинство или со македонско мнозинство.

Зошто го велам ова? Зошто е несфатливо? 29 илјади жители има општина Липково, граѓаните патуваат 15 или 20 километри до Куманово за еден документ, за една лична карта, затоа што нема полициска станица од општа надлежност во Липково. И ако сите услови постојат да имаме полициска станица, да имаме објект. Дали ова не ви изгледа дека е нешто намерно направено? Тогаш како ќе се согласи градоначалникот на општина Липково и спротивно на ова, Старо Нагоричани, како да доаѓа граѓанинот 25 или 30 километри во Куманово да бара некој документ, а таму нема полициска станица од општа надлежност. Таму секако, нема Албанци, но нема да се согласи градоначалникот на таа општина. Дефакто и дејуре ние ги делиме на два дела градоначалниците. Градоначалниците не се почитуваат сите рамноправно на ист начин. Некои се попривелегирани, а некои други не се толку привелегирани. Тогаш, поради овие причини овој Предлог закон кој е пред нас госпоѓата министер Јанкуловска подобро е да го повлече, бидејки таа е млада, мислам дека не е склона да направи неправди, но еве, нешто и се наметнало.

**Љубиша Георгиевски:** Ви благодарам. Има збор господинот Фазли Велиу.

Вие имате процедурално?

**Илија Димовски:** Претседателе, мислам господинот пратеник Дураку, сакам да нагласам дека во тематските точки 6, 7 и 8 што ги експлицираше се осврна на нешто што не е предмет на оваа дебата, туку на тезите на подзаконските акти кои произлегуваат од овој Предлог закон за полиција, а тоа се уредбата за начин на стекнување на звањата и ознаките на звањата на поливиските службеници, уредбата за униформите и ознаките на униформата на полицијата и уредбата за видот на вооружување на полицијата и опремата на полициските службеници, што како дебата не е отворена.

Јас би ве молел во прилог на времето на Парламентот и во прилог на тоа да не се узурпира трпението и да не се тренира политичката култура на политичкото мнозинство, навреме ги предупредувајте дискутантите, кои излегуваат надвор од дебатата за Предлог законот за полиција. Ви благодарам.

**Љубиша Георгиевски:** Благодарам, јас двапати го предупредив. Го предупредив колку што во тој момент сметав дека треба да го предупредам. Вие имате свое мислење, јас го почитувам, но почитувајте го и моето.

Има збор господин Фазли Велиу.

**Фазли Велиу:** Дами и господа пратеници, господине претседател на Собранието и госпоѓо минситер за внатрешни работи,

Ќе говорам пократко од вчера и ќе се концентрирам токму на законот и на членовите со желба да се исполнат празнините, забелешките исто така, да си дојдат на свое место. До колку има внимание госпоѓата министер, тогаш да земе свои забелешки.

Пред да почнам со истите, сакам да ја запознам целата јавност и тука присутните зошто ние се спротивставуваме на овој Нацрт закон, зошто ние бараме да се врати овој закон на повторно разгледување и зошто ние често бараме збор за дискусија и за давање на нашите мислења.

Прво, затоа што ние сакаме закон кој што произлегува од самите граѓани и им служи на истите.

Второ, сакаме закон кој што ќе биде во функција на професионалното дејствување морално, правно дејствување, а не во зависност од државата, или пак да се нарекува како државен закон кој што делува во минатото, затоа што ќе биде воспротивност со домашните акти, со домашните норми и со тие меѓународни со кој што доаѓа во колизија, значи со правата и слободите на граѓанинот.

Трето, ние како дел од Албанскиот народ тука сме страдале многу, страдале многу и се сомневаме дека уште ќе страдаме од владеењето на законите кои што се донесени и нема да постигнеме на овој начин да се ослободиме од владителите и од оние кои што носат вакви закони, закони кои што ја спорат државноста, кои ги спорат правата на граѓаните, ја спорат волјата на граѓаните од сите националности за да живеат и да придонесат во земјата.Четврто, ние имаме искуство од меѓународното искуство за донесување на закони и сакаме истите да ги практикуваме и тука на начин оваа земја да добие наша и меѓународна проценка и како млада држава, со демократско тежнение да се нареди во редот на демократските држави, мултиетнички демократски држави и да биде дел од Европа, дел од светот, како држава која што дава пример на живот кој што е подеднакво рамноправен за сите граѓани кои што живеат тука и кои што живеат надвор од земјата, кои што биле принудени како емигранти, политички или економски да живеат и понатаму во странство.

Меѓутоа, останува да додадам уште две други точки, до колку ме слушате господине претседателе. До колку сакате, можеме и хумор да направиме. Една поговорка вели: “можеш да го

убедиш убедениот, меѓутоа, не можеш да го убедиш, тој што е неубедлив”.

Друга поговорка вели: “можеш д апоправиш или да исправиш тој што сака да биде исправен, или поправен, меѓутоа, не можеш да го исправиш тој кој што се однесува како да знае се и не сака да биде исправен, или поправен”. Истовремено, немој да се обидуваш вели еден од тие што ме слушаат тука, значи албанското население кое што ја има жртвата од 2001 година, да се слушаат тие кои не се слушаат, затоа што не сакаат да се слушаат и се надвор од ова Собрание седејки на фотељите во околината и недавајки одговор, на тие кои што ги разгледуваат овие значителни прашања за оваа наша заедничка држава. Сакав да додадам дека ние не сме виновни тука во Собранието, затоа што некој добива бугарски дипломатски пасош и не се враќа да и објасни на јавноста, односно на минситерот за внатрешни работи и ние не сме виновни некој што си игра со судбината на народите тука и со судбината на парламентарците и надвор од Собранието и од Владата по кафејанит еили на други места вршат политика и не се враќаат на потребното место за одвивање на овој толку значаен простор за оваа земја и за овие народи кои што живеат тука. Сега одам по ред, до колку ме слуша госпоѓата министер.

Значи членот 9 обврските што ги има таа и Министерството е Извештајот кој што таа го поднесува до институциите во државата. И ние од искуството што го имаме сакаме да се додаде во членот 6 во првата реченица значи всушност се работи за извештаите за работите кои се завршени или не се завршени. Значи, кои се тие извештаи што таа треба да ги поднесе до Владата или до Собранието.

На крајот на членот 9, јас сакам до колку и таа сака истовремено и парламентарците завршниот Извештај од мандатот на госпоѓата министер или министер во досегашната практика не сме добиле извештај. Истовремено, немаме ниту соодветна примо-предаја на мандатите.

Во членот 13, освен тоа што е запишано, полицискиот службеник е должен надвор од работното време да превземе посебни мерки зависно од околностите на случајот, заради заштита на животот и личната сигурност и имотот на граѓаните да направи уште една додавка.

Значи полицискиот службеник е должен надвор од работното време, кога е надвор од униформата, со посебно овластување да превземе неопходни мерки, според околностите на случајот заради заштита на животот, личната сигурност и имотот на граѓаните, затоа што доколку не постои овластувањето, тогаш тој е граѓанин без униформа и нема да биде почитуван за вршење на една должност што треба да ја изврши.

Во членот 28 покрај другото, како што се наредени, зборот ми е за точката 18, до колку ме следи госпоѓата министер, за заштита на лица опфатени согалсно прописите за заштита на сведоци, треба да се додаде уште една реченица “на сведоците заштитени според Законот”. До колку не се штитат според Законот, тие нема да дадат ниту една изјава, затоа што ќе биде загрозена нивната безбедност од страна на тие што ги штитат.

Во членот 33 каде што се вели дека полицискиот службеник бил во униформа во текот на извршување на полициските овластувања, тој е принуден да се легитимира на барање на граѓанинот. Треба да додадеме тој да се легитимира во текот на вршењето на задачата, запознавајки ги сведоците кои истовремено треба да ја известат полициската станица во местото, или МВР дека може да се случи полицаецот да биде лажен.

Сакам да кажам дека во ова време треба да се остави можност на сведокот илиприпадник на семејството, или на човек кој што е тука во близина да ги извести другите на начин да се знае точно кој е тој кој што врши некое полициско овластување. Меѓутоа, како што не се знае дали е тој истиот, или е некој друг.

Во членот 34 сакаме на крајот на членот каде што сите велат да се додаде да се извести член на неговото семејство или нему блиско лице во ова време може да се случи да нема човек кој би требало да извести и приведувањето да не се направи со часови 1, 2 или 3 часа да се приближи припадник на семејството или да се потврди по телефон, да се каже дека нивниот човек е под обвинение, илипак е приведен и да има право на заштита од страна на семејството за изнаоѓање на адвокат, или други луѓе кои што можат да ги вршат тие должности за позитивно дејствување на оној кој е приведен на начин да не се направи злоупотреба од страна на оние кои што можат да бидат во служба на вршители на приведувањето, меѓутоа, кои што можат да имаат некои случај на лутење илиосвета кон човекот кој што се приведува. Сме имале таков случај во Косово кога се оштетува приведениот токму од страна на осветникот и приведувањето е неуспешно од страна на полицаецот во тој случај. Покрај овие и вчера сакав, меѓутоа еве денес ќе ги нагласам уште некои работи. Застапувањето на полицијата се прави во рурални и гранични зони. Таму дејствува полицијата, нејзе и се определува улога која што порано ја вршела војската, ова не е привилегија туку е деликатна задача и со висока одговорност. Треба да се утврди начинот како ќе се помогне граничната полиција од страна на војската, или пак од оние кои што се поблиску до неа.

Таму ќе треба да се структурираат искалени и доверливи кадри, повеќе домашни отколку донесени од далеку, затоа што домашните лица го познаваат теренот, истовремено и не го напуштаат своето родно место. Јас можам да кажам два екстремни случаи кои ќе бидат многу силни доколку се практикуваат. Поинаку ќе го чува местото некој од Струмица, во Струмица, поинаку ќе го брани некој од Струмица, во некое друго место и обратно на другите места. Имам еден конкретен случај во едно деликатно место, како

што е Прохор Пчински. Мислам дека тоа место подобро ќе го брани локалното население, или пак тие што се дојдени, се разбира тие да се професионално подготвени и обучени.

Друго што треба да се изгаси во ова време и да се затвори и заврши со дејствување, е паралелното политичко и полициско дејствување. Еден претставник од Министерството за внатрени работи, не треба истовремено да биде и партиски лидер, во претседателство на партија, или во општинските огранoци, затоа што го оштетува толерантното дејствување во институцијата. Тој врши реципрочни дејствија на диктат, од позицијата и функцијата што може да ја има, било да е тоа министерство или полициски орган. Исто така, треба да се исклучи и можноста на давање на воени задачи на министерот и на заменик минисерот, на директорот за јавна безбедност затоа што тогаш веќе нема да имаме државна институција туку ќе имаме партиска институција.

Светот се обидува за создавање на еден нов поредок, меѓутоа без помош од народот, без симпатија кон оваа институција или пак полициската институција која институција нема да користи присила за воспоставување на ред и дисциплина, ова нема да се постигне ниту во најразвиените земји, а камо ли кај нас. Затоа сакам да кажам дека убеденоста, неприсилбата, ја прават полициската институција законска, а истовремено и оправдана. Униформата, посакуваната униформа на безбедноста и на претставувањето на сите националности преку симболите, амплемите, истовремено и јазикот, тоа ќе ја приближи и кон довербата и кон потчитта, истовремено и готовноста да се излезе во пресрет на полицијата и на високата полициска институција. Сакам да кажам, еден дом кој има многу семејства, треба да биде чуван од сите семејства и треба да им служи на сите семејства. Нема мало и големо семејство во една куќа. Не треба да остане надвор од куќата ниту еден поединец. Затоа една држава која е мултиетничка, исто така има одговорност на една куќа од нации, или делови од нации, за да биде рамноправна и еднаква за сите и да се брани од сите.

Ние кои говориме и сме говореле, за некого неоправдано говориме, но за некого говориме оправдано. Ние сме одлучни на оваа држава да и донесеме добро и на народите да им донесеме добро затоа што тоа го заслужуваат, посебно работниците, селаните и студентите, сите заедно, тие што се трудат да го делаат залокот од устата, да ги плаќаат даноците, истовремено да бидат коректни и кон полициската институција и Министерството за внатрешни работи. Размислете уште еднаш подлабоко, бидејќи ние се свртевме кон земјата, земјата да ја направиме држава. Тие кои се против државата ќе одговараат за тоа што го прават, тие што го прават растурањето на земјата, од долу нагоре и од горе надолу. Ние сме одлучени законот, со извесни подобрувања, да се врати уште еднаш, да се доработи, да дојде повторно во Собрание, да се гласа од сите и да се донесе од страна на сите нас пратеници.

**Љубиша Георгиевски:** Благодарам.

За реплика се јавува госпоѓа Владанка Авировиќ. Повелете.

Има ли уште за реплики? (Нема)

Значи имаме реплика, па контра реплика, па имаме процедурално од страна на господинот Дураки Садула.

**Владанка Авировиќ:** Благодарам претседателе.

Јас би се задржала само во делот на едно конфузно излагање на господинот Велиу, каде го спомнуваше членот 34.

Во интерес на јавноста и во интерес на граѓаните, за да не дојде до недоразбирање. Тоа што ме предизвика да се јавам за збор е тоа што се јави како моја дилема да се јавам за оваа дискусија, би го прочитала членот 34 кој вели:

“При примената на полициските овластувања, повикувања, приведувања и задржување, полицискиот службеник мора веднаш да го извести лицето, на јазик што го разбира, за причините за повикување, приведување или задржување и на јасен начин да го поучи на правото да молчи, правото да се советува со бранител, правото на бранител за време на полициската постапка, правото за лекарска помош, ако тоа лице го бара, како и правото да се извести член на неговото семејство и нему блиско лице”.

Значи, господине Велиу, без разложно е вашето стравување дека во моментот на повикување, приведување и задржување, лицето кое ќе биде приведено, задржано или повикано, нема да има соодветна помош. Затоа апелирам, заради интерес на јавноста, ова е нов член, со ова во голема мера се скратуваат правата на службените лица да ги злоупотребат своите службени овластувања. Она што од вас беше наведено, рековте дека во тој период на приведување или задржување не може да се обрати на нему близок роднина, или пријател, или адвокат, што не е точно. Благодарам.

**Љубиша Георгиевски:** Благодарам.

За контра реплика се јавува господинот Фазли Велиу.

**Фазли Велиу:** Јас сакав да објаснам дека сето ова држи, меѓутоа доколку во исто време не е можно да се информираат, доколку не може да најде некој да се информира, треба да се причека со приведувањето, да не се направи без информирање, затоа што има случаи, во законот тоа стои, меѓутоа не се чека одговор од друга страна. Затоа реков да се почека додека се информира. Тоа е моето објаснување, затоа што тоа сум го видел и во демократски држави. Тука значи треба да се направи како што е во Германија и во другите држави. Благодарам.

**Љубиша Георгиевски:** Благодарам.

Господине Дураки по кој член од законот е вашата деловничка интервенција.

**Садула Дураки:** По член 85.

**Љубиша Георгиевски:** Знам, член 85 ви дава право да се јавите процедурално и право на збор. Затоа ви го давам. Меѓутоа, по кој член ќе зборувате.

Ако барате деловничка интервенција, за да можам да ви одговорам, да ви дадам објаснување, треба да знам.

**Садула Дураки:** Колегата претходно ми го спомна моето име. Во однос на тоа барам деловничка интервенција.

**Љубиша Георгиевски:** Тоа е добар мотив за реплика, а не за процедурално. Можете да побарате реплика, исто е три минути.

**Садула Дураки:** Не господине претседавач. Тој зеде збор на овој начин и немојте да правите дискриминација. Со закон се прави дискриминација, но сега и вие правите дискриминација. Нема да дозволиме вакви дискриминации.

**Љубиша Георгиевски:** Истата процедура беше. Но, повелете.

**Садула Дураки:** Имало дискриминација. Ние ја знаеме дискриминацијата што досега е направена.

Колегата кој ме спомна во својата дискусија, наводно мојата дискусија не е во однос на Предлог законот за полиција, или не слушал цело време, или преводот не бил добар. За тоа јас не сносам одговорност. Целата моја дискусија и сите точки беа во правец на подобрувањето на Предлог законот.

И госпоѓица Јанкуловска, колку за нејзина информација, би било добро да има уште еден посебен член во законот за полиција, како што беше во 1945 година кога се интернираа луЃето од Куманово и се водеа на работа во Крива Паланка и во Кратово. Тогаш, би било добро да се интернираат уште еднаш, на тој начин како што се интернирани во 1945 година. Благодарам.

**Љубиша Георгиевски:** Збор има господинот Никола Поповски.

Да ве прашам, бидејќи е осум минути до пауза за ручек, дали можете да ја завршите вашата дискусија за осум минути, за да не ве прекинувам, или дискусијата да ја оставите за после пауза.

**Никола Поповски:** Ќе дискутирам после пауза.

**Љубиша Георгиевски:** Пауза до 15,00 часот.

(По паузата седницата продолжи во 15,05 часот).

**Љубиша Георгиевски:** Ги молам пратениците да влезат во салата и да си ги заземат своите места.

Продолжуваме со работа.

Министерот за внатрешни работи не е тука. Сепак, добро е министерот за внатрешни работи да се извести да присуствува на седницата.

Има збор Никола Поповски.

**Никола Поповски:** Се надевам кратко ќе дискутирам, дозволете да ги соопштам моите видувања по однос на текстот на законот кој после амандманската расправа го имаме пред нас. Мое уверување е дека после амандманската расправа и дебатата во Парламентот текстот на законот сеуште има одредени проблеми и мислам дека проблемите произлегуваат од две постапки. Едната е прилично цврстиот став на Владата практично да не дебатира во Парламентот, со тоа што ги одби, ако не сите, тогаш веројатно најголемиот, или огромниот број од амандманите. И второто, мислам дека текстот на законот сеуште внатре има одредени недоречености поради тоа што Парламентот, односно институциите на системот длабоко сум уверен дека го поминаа во една процедура која по мене требаше да биде поинаква. Зошто мислам дека Парламентот сега расправа за последната фаза од сите можни фази, а тоа е расправа по текстот во процедура која не мораше, дури би се осудил да кажам и не смееше да биде таква од две причини.

Прво, овој Парламент го нема расправано Предлогот за донесување на закон. Тој закон го има расправано претходен состав на Парламентот во термин кој ги надмина дозволените шест месеци од расправата. Што значи дека овој текст сега според мене како Предлог на некој начин е во прилично чудна процедура која Парламентот не би требало да ја има.

Второ, што не е за Парламентот суштинска работа, меѓутоа мислам дека за текстот на законот е суштинска работа. Владата се повикува при предлагањето во Парламентот на текст на законот кој наводно е подготвен од страна на поранешнава Влада и тие само се повикуваат на тој текст и го доставуваат до Парламентот. Мора да соопштам дека се сомневам во точноста на таквата изјава, затоа што сум уверен дека Владата го помина текстот на законот во првата фаза како Предлог за донесување , сега зборуваме за претходниот мандат на Владата и на Парламентот и Парламентот го изгласа во една прилично обемна дебата од неколку дена, исто како и за овој текст Предлог за донесување на закон и после тоа Владата никогаш повеќе не го одобри законот во фаза Предлог на закон, ниту го достави до Парламентот. Тоа на што сега се повикува Владата е текст кој го изработил претпоставувам Министерството за внатрешни работи и тој на Влада никогаш не е усвоен, бидејќи ако беше усвоен ќе беше доставен до Парламентот. Со оглед дека на Влада никогаш не беше усвоен, а не беше усвоен заради тоа што имаше внатре сеуште контрадикторности и проблеми. Владата се реши на еден по мене брзоплет начин да го достави тој работен текст како текст на актуелната Влада и тоа нормално сега предизвикува контраверзи во Парламентот во врска со голем број на одредби кои требаше дополнително да се дебатираат и да се расправаат. Оттука мојата оценка е дека Предлогот на закон, во овој случај веќе текстот на законот сеуште е неспремен во брза процедура за која мислам дека и не е целосно согласно со правилата на работа во Парламентот кои се регулирани во Деловникот и со она што е најбитно

сеуште со фалинки, односно недоречености кои не го прават добар за да Парламентот би требало да го изгласа законот. Се разбира, дека законот во својата целосна верзија има и делови, или одредби кои заслужуваат сериозно внимание и поддршка. Не зборувам за целината на законот, дека во сите негови делови е проблематичен, меѓутоа според моето скромно мислење сеуште има сектори, поглавја во законот и членови кои уредуваат работи кои можеа да се регулираат подобро за да биде во форма кој треба да се донесе.

Лично мислам дека ќе беше политички мудро новиот Парламент и новата Влада да го работат законот во целосна процедура, што значи да се достави како Предлог за донесување на закон од страна на новата Влада откако таа темелно ќе го проучи и новиот Парламент за него да расправа. После таа расправа во консултации со пратеничките групи да се достави до Парламентот Предлог на закон кој во амандманска расправа согласно со определбата на разните пратенички групи ќе се донесе. Тоа не се случи. Мислам дека Владата бркаше погрешна цел, некој датум кој им е кажан од Брисел за да мора да се донесе законот. Колку што разбрав од медиумите, ако е тоа точно и тој датум е веќе пропуштен заради ваквата процедура. Меѓутоа, она што мислам дека е најбитно е изјавата, иако можеби делува дека не говорам по текстот на Законот, ќе кажам зошто ова како предоаје го зборувам. Сеуште сум на текстот на законот. Изјавата на господинот Оли Рен која јас ја слушнав во живо, значи не пренесено од новинар, па да се сомневам дали е тоа така пренесено, туку во живо од него која гласи дека, ние од вас не бараме брзи реформи, туку бараме реформи кои се квалитетни, односно кои ги исполнуваат целите. Во тоа го внесувам и овој закон. Мислам дека овој закон се потпре на брзината, а не квалитетот и заради тоа мислам дека нема да го издржи забот на времето во одредени одредби.

Суштински забелешки има по законот. Она што е битно е дека дури ЕУ со официјално писмо од господинот Ерван Фуере како амбасадор на Унијата во Република Македонија на 28 септември, значи не многу одамна се обраќа до Владата со писмо во кое доставува коментари на законот и потсетува дека коментарите кои се направени заеднички од страна на ЕУ и ОБСЕ во декември минатата година 2005, а кои не се вклучени во законот, тоа е после првата дебата, сеуште остануваат валидни. И тоа писмо е испратено помеѓу другите и до претставникот на Владата госпоѓата Јанкуловска. Мислам дека со такво писмо од ЕУ во кое потсетува на писмото од декември 2005 година со валидните забелешки од страна на ЕУ и ОБСЕ и со додатен список на забелешки по законот, Владата мораше уште еднаш сериозно да го разгледа за да оцени дали тие забелешки треба да се интегрираат во законот, особено што доаѓаат од партнер како што е ЕУ која тој закон ќе го пропушти низ ситото на усогласеност со нивното законодавство е еден од клучните реформи во овој сектор за внатрешни работи.

Само да потсетам дека покрај забелешки на 15-тина членови, во тоа писмо има и шест концепциски забелешки од страна на ЕУ кои очигледно дека Владата не ги прифати. Затоа мислам дека во овој случај текстот на законот дури од ЕУ е оценет на тој начин, има сериозен проблем.

Би цитирал господине претседтеле неколку таканаречени општи коментари од тоа писмо што укажуваат како поткрепа на ова што го зборувам. Првата е на законот му недостасува систематски преглед на процедурите од казнената постапка и останатото релевантно законодавство. Втората е, што е многу интересна, дека односот помеѓу обвинителот и полицијата треба јасно да се дефинира во законот. Би бил загрижен доколку донесеме закон за кој ЕУ има пишана официјална оценка дека односот помеѓу обвинителот и полицијата не се јасно дефинирани во текстот на законот. Третата забелешка, која е општа, меѓутоа се однесува на текстот на законот по одредени одредби е дека полициската организација и самиот систем на командување во полицијата со законот треба подетално да се уредат отколку што се уредени со законот. Тоа упатува дека можно е по донесување на законот, а пред фазата на започнување на преговори со ЕУ за што ние разговараме од овој закон покрај за полицијата како наш институт, или институција во Република Македонија дека тој ни е потребен и за ЕУ да се доведеме во позиција да ни кажат: имате претходни дејствија пред преговорите помеѓу кои е и овој закон и треба полициската организација и системот на команда подетално да го уредите отколку што е со законот. Значи, ќе упати очигледно на измени на законот. Затоа мислам дека не требаше толку да се брза. Четвртата забелешка е дека во законот треба да се додадат одредби кои се однесуваат на општата организација и кои се однесуваат на мандатот, одговорноста, улогата и надлежноста на различните полициски раководни лица. Тие се уредени со дваесетина членови во законот. Тука имаше и најголема дебата во врска со голем број на амандмани. Не е направен напор и ценам дека ова ќе претставува Ахилова пета на законот и од аспект на ЕУ и од аспект на функционирањето на законот во Република Македонија.

Има уште две други забелешки кои можеби се потехнички, иако во одредени моменти можат да станат клучни. Петтата забелешка на ЕУ е дека детални одредби за надлежностите на полицајците се неопходни, особено во областите на контрола на немирите. За тоа и постои полицијата помеѓу другото. Во контролата на немирите, во спроведувањето на полициските апсења и задржувања во полициски притвор. Јас овие забелешки ги сметам и за лични, затоа што ако не постојат детални одредби, уредување со подзаконски акти на нешто што сите би сакале да е во закон, мислам дека нема да биде во прилог на поголема транспарентност и одговорност, ниту

во прилог на поголема демократичност. Сметам дека тие детални одредби и неколку подзаконски акти треба да се директно во законот за да не се надмине нивото на спроведување на законите од страна на Владата во ниво кое ЕУ очигледно ако го толкуваме ова што го напишала, ќе влезе во делот на легислатива. Значи, тука мислам дека има сериозна контрадикторност. Владата смета тоа да го уреди со подзаконски акт. ЕУ и јас лично исто така сметам дека тоа треба да се уреди со законски акт. И тука разликата е мала, меѓутоа клучна. Дали е легислативен, или дел на извршната власт. Во овој случај мислам дека извршната власт превзема дел од легислативниот процес за кој ЕУ кажува дека не е согласно нејзините правила. Тоа значи еден ден ќе дојде и како неопходност да се реши и кај нас. И шестата работа како општа е дека во одредбите од законот, од текстот на законот нема детални регулации за дисциплинските постапки и евентуалното невнимание и грешки при работата на полицијата, што е еден вид на заштита на граѓаните.

Од тие 6 глобални забелешки или коментари на делови од членови на законот и на поглавја, произлегуваат понатаму и голем број на амандмани. Амандмани во овој случај веќе не може да бидат, туку забелешки на текстот на законот, да речеме, концептот и дефинирањето на полициска работа во членот 2, во членот 7, барањето за помош при спроведување од страна на судството може да биде итно и да изискува итна реакција, периодот од 5 дена е предолг во такви случаи.

Членот 8, каде што треба да се разјасни која служба е надлежна за истрагата уште повеќе дека треба да се разјаснат процедурите и нивоата на одговорност во системот на команда. Сега, да не ги читам сите забелешки, има поголем број, целта ми е да укажам дека има директни забелешки од Европската унија кои едноставно сметам дека не треба, па дури ако не биде и прејако и смеат да се занемарат.

Драги колеги, сметам дека донесувањето на законот и целата дебата на еден вулгарно кажан начин се сведе на прашањето дали законот треба да се донесе, или не, а не на прашањето дали законот ги уредува прашањата што треба да се уредат со полициската реформа.

Имам впечаток дека во Собранието од политичкиот жар на спротивставувањето на аргументите и видувањето за полицијата, како да се создаде антагонизам дека власта има намера по секоја цена да го донесе законот, а опозицијата притоа, нема да ми замерат колегите од ДУИ ако ги спомнам како некаков вид на симбол на легитимен отпор во Парламентот да се донесе таков закон, што имаат право, се разбира. И во целата таа работа како да се изгуби дебатата, односно размислувањата дали овој закон се носи, за некој да извлече политичка повреда пред Европската унија, или во процес на некаква Европска унија, или ги решава работите, што законот треба да ги реши.

Јас ќе повторам со тоа што почнав на почетокот, ова беше еден вид на елаборација. Убеден сум дека Владата требаше да си стави сопствени очила, за да го прогледа законот уште еднаш, со забелешка од сите ресори, од сите внатрешни органи, институции, како функционира, да го даде и својот печат и својата боја на законот, своите политички видувања да го донесе во Парламентот. Верувам дека многу од забелешките на Европската унија ќе ги исчистеше. Имам впечаток дека и Владата прво си даде политичка цел дека законот мора да се донесе, а втората цел е, каков тој ќе биде. Во таквата трка го превзеде законот како работна верзија од Министерството за внатрешни работи, што нема никаков легитимитет во институциите на системот додека не исплива кон институциите, и го прогласи за нешто што мора да се донесе и предизвика многу контраверзии.

Оттука и не ме зачуди, иако еднаш во амандманската расправа повикав на декларирање на таа реченица на госпоѓата Весна Јаневска, која беше почитуваната госпоѓа Весна Јаневска, која кажа дека добила уверување од Владата дека е битно сега законот да се донесе, а потоа во рок од една година ќе се смени. Јас на таквата политика на работа се спротивставувам, затоа што не гледам цел.

Имам впечаток дека како Владата да протуркува проект зад кој нема изградено свој став, го гради екс пост. Прво на Влада поминал, го доставил и сега во текот на оваа двонеделна амандманска расправа гради поединечни ставови, токму и затоа не доведе во една прилично чудна ситуација, за која ќе кажам подоцна со доставувањето на амандманите.

Исто така, сметам дека во амандманската расправа некои од клучните амандмани беа отфрлени, што за мене внесуваат сега дилема, дали да се изјаснам за законот во целина позитивно, и со оглед дека расправаме по текстот на законот, сакам да ги кажам кои се тие.

Прво, мислам дека сеуште постои едно прилично раширено незадоволство од поставеноста на полициските сектори, кои се 8, ако не се лажам, во членот 20, и полициските станици во членот 23, и тоа јас не би го банализирал тоа на пресликување или некаква подреденост на полициската структура или организација на етничката структура на населението во Македонија и нејзината територијална дисперзија, затоа што забелешките тука се дадени и вон од тоа. Да речеме, Прилеп, Гевгелија, Кочани, мислам дека со право можат да разговараат зошто нема полициски сектори.

Во членот 23 беа спомнати огромни населени места во Република Македонија кои немаат полициски станици, затоа што законот во основа со мали прилагодувања не се потпрел на бројноста и структурата, или нивото на криминал во одредени региони на Република Македонија, туку пред се, со потстрел на една стара, од пред 15-тина години, територијална поделба на

Република Македонија која базираше на поделба дека секој урбан центар во Република Македонија е општина со сите села географски околу него, и тоа беа 35-36 општини, и оваа структура се закопала во нив па направила некакви додавки. Значи, трнала од таму и се обидела да ги модификува, наместо да тргне од другиот критериум.

Понатаму, сметам дека годините потребни за работа на раководни различни нивоа на служби во Министерството за внатрешни работи со амандманите кои ги поднесе Владата, целосно го дезавоира законот...

**Љубиша Георгиевски:** Тишина ве молам, бидете потивки.

**Никола Поповски:** ...текстот во членот 16 во членот 17, во членот 22, 24 и 26 мислам дека Владата по пат на политички критериуми ги исфрли професионалните критериуми од Министерството за внатрешни работи, односно, во овој случај од полицијата, и поднесе амандмани кои не требаше да ги поднесе, или не смееше да ги поднесе, само, еден да цитирам дека со сектор за внатрешни работи, пример, согласно член 20 став 3 точка 1, сектор за внатрешни работи - Скопје, се однесува за целото подрачје на град Скопје и општините Арачиново, Зелениково,Илинден,Петровец, Сопиште, Студеничани и Чучер Сандево, што во географска смисла е најшироката можна околина на градот Скопје, согласно законот, со секторот за внатрешни работи-Скопје раководи началник и тој треба да има завршено високо образование и работно искуство од 6 години. Една проста пресметка е, дека високото образование во Македонија се завршува сега, откако воениот рок е веќе, во минатово, 6 месеци, а веќе и не постои на 22 години и 6, тоа е 28. Законот дозволува на 28 години да се стане началник на секторот за внатрешни работи-Скопје, кој апсорбира во поширокиот скопски регион, 700 илјади жители или 650, колку е со сите овие, и мислам дека е една слабост. Мислам дека е една соодветна слабост затоа што полицијата е сложен механизам, ризичен, секојдневно во допир со граѓаните и не сум уверен дека таквото брзо напредување и наградување може да биде продуктивно.

Законот овозможи наместо 12 да ги спушти со амандман на Владата на 6, и тоа на крајот на расправата на законот, што е без преседан и сега мислам дека сите сектори, јас како пратеник не сум извршна власт и можам да кажам, да изразам сомневање дека ние носиме закон според кој од утре 8-те сектори во полицијата можат да ги водат 28-29 годишни луѓе, и да изразам сомневање во ефикасноста и во остварувањето на функцијата и улогата на полицијата, согласно овој закон, затоа што сум уверен дека тоа не е добро. Тие немаат ни доволно животно, а камо ли професионално искуство за да можат тоа да го работат.

Вие претседателе, на пример, ако видите во Собраниево секторите кои се формирани по систематизацијата која е ваша надлежност или на генералниот секретар, не знам во моментов како е уредено, се сомневам дека и побезначајните сектори во Парламентот овозможуваат со 5-6 годишно работно исксутво некој да стане шеф на сектор, а не шеф на сектор на полиција во која претпоставувам во моментот има безграничната полиција 5-6, ако не и повеќе илјади вработени луѓе со овластувања под оружје, со овластувања да преземаат активности за заштита на живот, на имот, значи, да употребуваат физичка и огнена моќ, сила и т.н.

Кога сум кај тоа, кај овие измени на членовите 16, 17, 22, 24 и 26 дозволете да кажам дека е направен, по мене, ужасен преседан во Собранието од страна на Собранието, нема да се налутите господине претседателе ако кажам и од ваша страна, затоа што јас не ја прифаќам вашата дефиниција во јавноста изнесена официјално, дека, вие не сте социјалистички претседател кој насочува, туку само го спроведува Деловникот, мислам дека треба да водите грижа како прв меѓу нас, да се спроведува Деловникот и законите и да го насочувате Собранието во таа насока, зошто сепак одговорноста најмногу е на вас, после на сите нас. Се дозволи да се доведе Парламентот во ситуација да не може да одлучува по ова прашање. Значи, ние добивме закон со 12 години стаж, времето за амандмани истече, нашата пратеничка група не поднесе на тоа амандмани мислејќи дека тоа решение е добро, и јас сум спремен тоа да го поддржам.

Во последен момент, на два дена пред да се затвори, кога беше истечено за амандманите, Владата поднесе амандмани со кои критериумите ги спушти, за што зборував и вие на тоа не дозволивте да се поднесат амандмани. Тоа значи дека ние сме во подредена позиција од Владата, која може и во овој момент да ни достави амандман и може со секој закон, во краен случај, за битни одредби, ако тоа правило што вие го воведовте сега, што не постоеше, тука имаа три поранешни претседатели на Собранието, со се вас 4, никој тоа не го направил до сега, вие прв тоа го овозможивте да Владата протне, извинете на изразот, во Собранието одредби за кои што пратениците, согласнос со Уставот задолжени да носат закони, не можат да интервенираат. Тоа значи дека таа пракса може да продолжи и понатаму, а ние да не можеме да работиме по тоа. Значи, одземена ни е легислативната функција, односно сме доведени во позиција - или ќе го гласате во целина или нема да го гласате воопшто, но немате право да ги измените законите што ги носиме. Во овој случај, еве, да не зборувам за друг, јас како пратеник немам можност да одлучувам по членовите 16, 17, 22,24 и 26 со амандмани. Мислам дека тоа е без преседан.

Моите колеги од ЛДП поднесоа амандмани со кои ги вратија членовите, односно годините со кои стартуваше владиниот закон, на тоа ниту можев

да се изјаснам. Го сметам проблемот на две нивоа:

Едно е проблемот на несоодветноста на законските решенија и

Второ, несоодветноста на постапката во која што ми е одземено правото да одлучувам како пратеник, па макар и надгласан, со негативно одлучување по амандманот од страна на мнозинството, дека можам да одлучувам за законот, односно за делови од законот.

Исто така, сметам дека членот 65 Владата испушти шанса при работата по амандманите, по текстот на законот, со амандмани, прво, да декларира како мисли да го употребува членот 65 во праксата и второ, да го прифати амандманот. Со оглед дека не прифати, остана правото на тајно, дискретно одлучување од страна на структурите во полицијата,дали ќе се снимаат јавни собири што може да се од секаква провиниенција: културни, политички, синдикални, невладини и т.н и луѓето да бидат подведени под полициско снимање без за тоа да бидат известени.

Понатаму, останаа одредбите во врска со таканаречените фамозни информативни разговори во членот 43, 44, 45 од законот што е сега во расправа, од Предлогот на законот, што и јас лично мислам дека исто така заслужуваат поголемо дискреционо право на граѓаните отколку на полицијата во такви случаеви, затоа што праксата во Македонија не е добра. Секој од нас може да биде повикан, согласно на овој закон, на информативен разговор од полицијата, да се нема за тоа ништо друго, освен решение на полициски службеник, во овој случај на, дозволете да го употребам тој збор, кадри назначени од политичка партија, во типично политичка процедура, што е нормално. Меѓутоа, тука веќе требаше да се вмеша уште некој друг орган за да некој од граѓаните биде повикан на разговор во полиција. Затоа што граѓаните претходно ќе бидат исплашени ако не одат на тој разговор, дека се, спротивно на законот, не се отповикуваат на полициски повик. За жал, имаше амандманска расправа, не слушнавме добро образложение зошто овој механизам треба да остане.

И, на крајот од овој дел од дебатата, сакам да укажам дека остана и една одредба од членот 97 за што имавме поднесено амандмани, што не се усвои, не се усвои амандманот и во членот 97 остана одредба според која, работен однос во полицијата, за било кое систематизирано работно место може да се заснова без јавен оглас, тоа право да се користи обилно од страна на службите, односно од страна на органот, Министерството за внатрешни работи. Имаше и директно прашање од почитуваниот колега Манасиевски. Дали министерката ова право има намера да го употребува и посочуваше соодветни примери, сега не можам да го цитирам, спомна 20 или 30%, и во јавноста пишуваше во средствата за информирање кои не се извор за дебата во Собранието, меѓутоа, ако не се демантира тогаш останува тоа да стои, дека полицијата односно полициската власт сегашна, на оваа Влада овој член го употребува обилно, односно дека масовно вработува без јавни огласи. Неколку десетина луѓе беа спомнати од господинот Манасиевски, одговор не добивме. Остана таа одредба од членот 97 со уште поширoки овластувања, што мене ме упатува на можноста дека оваа власт тој член ќе го употребува на начин кој јас како парламентарец не би сакал да постои и затоа имам големи дилеми дека законот на ваков начин треба да се прифати. И уште повеќе што, се извинувам, заборавив тоа да го наведам, сега ќе се вратам на овие членови кои се околу годините на стажот. Имаше во парламентарната дебата изјави да се одговори од страна на Министерството за внатрешни работи дали во секторот Тетово е назначен раководител кој нема полициски стаж и кој е донесен од надвор. Не беше даден одговор дали тоа е точно или не, со оглед дека беше изнесено и кај мене тоа внесува сомневање дека ако законот се прави, за да се реформира полицијата од политички и нестручни влијанија, ако оградата е 12 години стаж во полицијата, а го сведете и на 6, а во меѓувреме вработите некого кој го нема ниту тоа, тогаш ирелевантно е носењето на законот. Значи, најбитна е политичката волја. Јас би гласал и за 6, доколку знам дека министерот за внатрешни работи во нејзината пракса, тоа најмалку 6 го користи од 10 нагоре, како политика најмалку 6 значи дека ќе водите сметка да е со поискусни луѓе. Меѓутоа, ако најмалку 6, во праксата го употребува и 0, како што беше овде кажано, тогаш мислам дека е ирелевантно да се обврзува некој на реформи, кој на почетокот не ги спроведувал. Вработува без конкурси, го употребува тој член, исклучоците ги прави правила. Затоа се сомневам во потребата овој закон да биде продуктивен.

Во Парламентот постои уште една контраверза, во врска со законот, за која јас не сум приврзаник, а тоа е употребата на јазикот во полициските работи, како што се кажува во член 2, ако го употребив точниот израз. Полицијата врши полициски работи, така е дефинирано и штуро објаснето, што значи тоа.

Каков јазик и кој се употребува.

Јас сум приврзаник, овој закон тоа прашање да не го тангира. Меѓутоа, некој закон тоа прашање треба да го тангира. Ние не добивме изјава од министерот за внатрешни работи, или од Владата на Република Македонија дека употребата на јазицита, согласно Уставот, што дава една врата да може, согласно Рамковниот договор и членот 7 од Уставот, да имаме употреба и на друг јазик, согласно законот итн. Не ни соопшти, да бидам јасен, Владата до сега ни нема дадено јасна, јавна и цврста изјава како ќе го реши овој проблем, дали ќе го реши со секој поединечен закон каде ги допира тие прашања граѓаните, наспроти органите во комуникацијата, или со еден закон за употреба на јазиците.

Во услови кога Владата ја нема декларирано таа политика, тогаш останува прашањето каде ќе се

уреди тоа прашање. Владата да дадеше цврста изјава, претпоставувам не министерот за внатрешни работи, меѓутоа премиерот или потпретседателот за спроведување на Рамковниот договор, за жал тоа е министерот за здравство, човекот е во ред, но паралелата е лоша. јас сум уверен дека таму требаше да има посебен потпретседател за ова прашање, но тоа е избор на премиерот. Значи, ниту тој има дадено изјава во кој правец Владата ќе го реши прашањето. Во тие услови стануваат легитимни расправите за законот од аспект на јазикот, затоа што немаме политика на Владата, таква декларирана потврда и тогаш нормално, ако немате декларирана политика, сите мислат дека и тука треба да се уреди тоа прашање. Јас мислам дека не треба, ја поддржувам Владата во таа намера, меѓутоа очекувам изјава од Владата, да не ме тера на секој закон да размислувам што е со јазикот, да донесе еден закон и во која динамика.

Врз основа на ова што го кажав, дозволете да сумирам, господине претседателе и почитувани пратеници.

Од однесените причини, за мене законот е се уште дискутабилен во одердени области и членови, се уште заслужува внимание и работа врз него. Имам впечаток дека е можна разврска во која овој закон ќе отвори повеќе нови, во овој момент не постојни проблеми во врска со работата на полицијата, отколку што ќе реши постојни, или антиципира, што е легитимно, идни проблеми на полицијата. Во таквата лична процена, согласно Уставот пратениците по свое расудување и совест работат во Парламентот. Јас мислам дека е можно балансот да се наруши и дека креирањето на нови проблеми со овој закон, може да ги фрли овие дурите, решавање на постојните иантиципираните проблеми од работата на полицијата. Затоа сум скептичен и мојата пратеничка група, како што знаете се уште нема изградено конечен став, на двапати дебатираме и се надевам дека откако ќе заврши расправата повторно ќе ни дадете, ова не го зборувам во име на пратеничката група, не сум координатор, барем два три саата пауза или ќе закажете утре дента гласање, откако се ќе заврши, затоа што СДСМ еве јавно кажувам се уште имаме дилеми. Меѓутоа, без разлика какви се дилемите на пратеничката група во која се одлучува по некој критериум, со Деловникот итн, за мене лично се уште има многу проблеми заради кои јас лично не би го гласал законот. Тоа е мојот став, а конечниот став, пратеничката група, веројатно и јас како дел од неа ќе го имаме после согледувањето на сите наши видувања од овој тип и сумирање.

**Љубиша Георгиевски:** Благодарам.

Можете да бидете сигурни, што се однесува до паузата.

Сега да се договориме на редоследот на репликите бидејќи имема полно реплики.

За реплика се јавија: господинот Јован Гинев, Азис Положани, Анета Стефановска, Павле Трајанов, госпоѓица Надица Танчева Турлиева и господинот Аднан Јашари.

Повелете господине Гинев имате три минути.

**Јован Гинев:** Почитуван претседателе, почитувана госпоѓа министерке, почитувани пратеници.

Сакам на кратко да реплицирам на дискусијата на господинот Поповски и ќе го прашам, бидејќи јас сум од постарите, а прв пат сум во овој Парламент и добро ме држи меморијата.

Тој рече дека не може да бидат началници на сектори на МВР луѓе без искуство, на 28 години.

Го прашувам господинот дали се сеќава кога пред неколку години ние имавме премиер со истата возраст. Дали тој имаше доволно искуство и претходни обучувања за премиер на државата. Ако имавме таков од редовите на нивната партија, тогаш го поставувам прашањето зошто не би можел еден 28 годишњак да биде началник или командир на една полициска станица или полициски сектор? Благодарам.

**Љубиша Георгиевски:** Повелете господине Поповски контрареплика една минута.

**Никола Поповски:** Ние овде расправаме за закони. За годините на премиерот, претседседателот и министрите, си има закони за избор и менувања и дали ги исполнуваат одредени критериуми. Тоа што ме чуди е тоа што вие го покренувате прашањето за младоста, затоа што мислам дека е тоа еден од вашите хендикепи во овој момент, мислам на вашата Влада. Меѓутоа, без разлика.

Зошто јас не сакам 28 годишен човек да раководи со сектор полиција во град Скопје, затоа што би преферирал да ги помине сите скалила на можна полициска активност, пред да дојде во ситуација да раководи со неа. Вака ќе биде во ситуација прво да раководи со неа, без да знае ниту еднаш во животот како може тоа да се случи на сопствено искуство. И не случајно се допишува искуството. Благодарам.

**Љубиша Георгиевски:** Благодарам.

Три минути реплика Азис Положани.

**Азис Положани:** Благодарам претседателе.

Јас ќе користам дел од излагањето на господинот Поповски, да реплицирам на и онака содржајниот говор или дел од дебатата што ја водеше со аргументи што не можат така лесно да се оспоруваат, но во однос на два моменти јас сакам уште еднаш да искористам прилика, да се разјаснат овие два моменти, затоа што тој во својот говор кажа дека веројатно чувството и вкусот не може да се мери. Ако добро го слушнав и разбрав, се доби впечаток дека со нашето инсистирање на дискусии, реплики и повторно дискусии, се добива впечаток, само се добива впечаток дека нашата пратеничка група не сака да се донесе законот. Ако така кажа и ако добро го разбрав, јас сакам уште еднаш да ја искористам приликата во ова реплика да го

повторам нашиот став дека ние не сме донесувањето на законот, но во неможност на друг начин да најдеме можност да го подобриме и комплетирање, за да биде многу подобар за граѓаните, ние прифативме преку дебата, на овој дел од расправата што ни беше оставен на крај, уште еднаш преку наши аргументи, како што тоа многу содржајно го направи господинот Поповски, да ја убедиме не само министерката, туку и мнозинството, да изнајде можност и да најде простор за подобрување на истиот, затоа цениме дека е важен, не само по интеграциите и по датумите, туку и по суштината и потребата од реформи. Тоа е нашиот став.

Во однос на втората работа, исто така едно појаснување. Се работи за тоа дали е добро од 12 на 6 години да се смалат годините за шефови на сектори, или не. Господинот Поповски изложи свои аргументи што сигурно не можат така лесно да се отфрат, но ние ценевме дека тоа е минимум што треба да се случи затоа што не успеавме да го убедиме ниту претходниот министер ниту сега Владата дека тие ингеренции што ги има шефот на секторот да беа префрлени кај, да кажеме началникот на полиција на секоја општина, тогаш веројатно би се направило простор тогаш навистина да го дискутираме и стажот. Но, кога тука се концентрира целата моќ и началникот постане командир, ценевме дека и ова е малку и уште стоиме на становиште дека не може суштествено со амандмани да се менува законот и баравме друг пристап.

**Љубиша Георгиевски:** Една минути контрареплика Никола Поповски.

**Никола Поповски:** Благодарам.

По однос на првото прашање, господине Положани, немам никаква намера ниту идеја да ја толкувам пратеничката група на ДУИ, се извинувам ако погрешно сте сфатиле, немав таквата намера и го прифаќам вашето образложение. Тоа е ваша волја.

Во однос на второто прашање, немам што да додадам освен дека јас и господинот Положани се разликуваме по однос на бројот на години потребни за стаж во полицијата. Јас останувам на моето и го уважувам неговото видување.

**Љубиша Георгиевски:** Благодарам.

Стефановска Анета реплика три минути.

**Анета Стефановска:** Почитуван претседателе, почитувани колеги пратеници.

Јас сум фрапирана од дискусијата на господинот Поповски и од толку контрадикторности што тој ги изнесе во врска со законот за полиција.

Најпрво ќе кажам дека, тој кажува дека не е усвоен законот на Владата, минатата влада или не се сеќава дека е усвоен законот, а од друга страна дава писмен документ што го дал Фуере за суштинските забелешки во законот за полиција, со коментари за законот од 2005 година, а вика се уште не се направени тие измени.

Како знае за писмениот документ, а не се сеќава дека е усвоен или не усвоен или направен од стана на минатата влада. Владата со забелешките мораше пак да го разгледа. Значи, сака да не враќа повторно назад и јас на неговата намера чиста опструкција. Од друга страна вика дека законот ни е потребен навистина за Европската унија. Потоа се прашува дали законот треба да се донесе или не, а вика дека ни е потребен за Европската унија. Дали овој закон се носи за некој да извлече политичка победа пред Европската унија. Законот вика ни донесе контраверзии преку политичките партии, или пак јас се прашувам, тие ја прават таа контраверзија со своите дискусии кои што непотребно паушално ги кажуваат скоро три недели. Некои амандмани биле отфрлени. Нормално некои амандмани беа отфрлени, но некои амандмани беа и прифатени. Тие што требаше да бидат прифатени се прифатија од страна на Владата. Ужасен, вика, преседан на Собранието, се дозволи и дојде во состојба Парламентот да не може да одлучува. Ако овие три недели за него не заначеа одлучување и толку долга дискусија, најголема демократија што може да постои, засега во ни еден Парламент немам видено толку да се дискутира и толкава демократија само за еден закон.

На крајот сакам да кажам, најв226но е она што е еден интерес на државата Република Македонија. Треба да се донесе законот за полиција и навистина апелирам до патениците на СДСМ односно до Поповски, дека треба поконструктивно да дискутираат така како што ветија и треба да признаат така како што призна во еден момент во својата дискусија дека е потребен и услов за Европската унија, дека е чекор напред и никој не сака да издејствува политичка победа, туку тоа е интересот на Република Македонија. Ви благодарам.

**Љубиша Георгиевски:** Благодарам.

Контрареплика една минута Никола Поповски, повелете.

**Никола Поповски:** Забелешките од Европската унија од декември 2005 беа на Предлогот на донесување на закон кој помина и во Владата и во Парламентот, а сега сме во фаза на Предлог закон, сосема друга фаза која Владата го нема поминато и би препорачал на госпоѓа Стефановска повнимателно да слуша, јас многу прецизно зборувам, за да може потоа да ги коментира моите излагања.

Второто што сакам да го кажам е дека никогаш нема да коментирам прераскажани мои излагања во непрецизна форма. И сега после 45 минутно излагање госпоѓата Стефановска ми постави 10 прашања и јас во една минута да ги одговорам моите лошо разбрани пораки. Повеќе сум убеден дека треба внимателно да слуша. Благодарам.

**Љубиша Георгиевски:** Благодарам.

Господин Јашари Аднан реплика три минути, повелете.

**Аднан Јашари:** Ви благодарам. Доколку внимателно го слушав почитуваниот пратеникот Поповски во делот кога говори во однос на јазикот

и меѓудругото се согласува со текстот на овој закон или со овој Предлог закон за полиција за уредувањето на прашањето за употребата на јазикот. И покрај тоа јас би нагласил еден став од амандманот 5 посебно ставот 5, каде се говори за можноста на употрабата на јазикот во согласност со закон. Доколку ние не го уредиме ова прашање или не го операционализираме ова прашање и амандманот 4 и 2 или ставот 4 и 2 од амандманот 5, се поставува прашањето како ќе се применат или ќе се операционализираат овие два става.

Колку за ваша информација моја проценка но и на парламентарната група е дека не уредувањето со правни одредби со прописи преку овој закон или преку овој Предлог закон е поврзано непосредно со амандманот 10 точка 2, амандман кој говори за закони кои се спроведуваат според Бадинтеровото начело. Ви благодарам.

**Љубиша Георгиевски:** Ви благодарам. Со ова завршија репликите.

Збор има Зумрете Јакупи.

**Зумрете Јакупи:** Почитувани дами и господа пратеници, почитувани колеги, почитуван господине Георгиевски.

Мене лично ме загрижува фактот дека овој Предлог закон го привлекува нашето внимание, но не само нашето внимание, туку го привлекува и вниманието на целото население, бидејќи често пати ми се постауваат прашања и разни коментари кои ја изразуваат длабоката загриженост на самите граѓани кои се иритирани од самите наши тонови кои овде во овој Парламент ги искажуваме за изјавите и нашите реакции во ова Собрание.

Затоа сите овие реакции во врска со овој Предлог закон, значи во однос на законот за полиција мислам дека јас како личност, едноставно како претставник на моето гласачко тело, имам желба максимално да го дадам мојот придонес во однос на донесувањето на овој закон кој е доста чуствителен за сите нас за кои имам голем интерес да се донесе, но да се донесе од полза за сите граѓани без разлика на вера, етничка припадност, пол, итн.

Сопред ова што се случува се констатира дека процесот на децентрализацијата на власта односно пренесувањето на власта, неговото пренесување од центарот во општината фактички претставува една формална децентрализација. И фактот што оваа формална застапеност и фактичко пренесување на сила од центарот на ниво на локална самоуправа, значи во локалната самоуправа.

Овој Предлог закон за полиција со овој предложен текст кој е еден флагрантен случај, значи како во централната власт не се откажува од можноста за извршување на сила и на локално ниво. Полициската станица не е државен авторитет ниту на локално ниво. Значи полициската станица е една оперативна единица техничка и полициска, а не единица со одредени ингеренции управни како што е дирекцијата на општинската полиција. Самиот факт дека и во времето на социјализмот во Македонија во бивша Југославија имаше три пати повеќе дирекции или разни општински секретаријати за внатрешни работи. Во многуте општини и во овој случај говориме за еден процес со постапки и инерции на еден систем на непопуштање, едноставно на непренесувањето на централната власт во локалната власт, значи на локално ниво. Значи на општинско ниво процес кој може да се смета и како ретрограден. Поради оваа тенденција најцентрализираната власт на Балканот и Европа каква што е власта во Македонија има само една единствена цел а целта е дека полициските ингеренции да не се пренесат на локално ниво каде албанците се со мнозинство и со соодветен број, со единственото образложение дека наводно градоначалниците или општинските советници имаат склоност за злоупотреби. За ова има контролни механизми од централната власт под услов вториот, значи самата Влада да го спроведува Уставот и законите. Овие не поминаа ниту 17 години кога локалната самоуправа избираше и назначуваше не само началник, не само и командирите на подрачните единици, значи на општинските единици, туку избираше и судии заедно со директорите на заводите и и директорите на државните институции и фирми кои постапуваа и дејствуваа во општинската територија. И, речиси никогаш не се случи општината да стане држава сама за себе. Значи,никогаш не излезе од контролата на централната власт која во тоа време се викаше извршна власт.

Се поставува прашањето зошто сега се гледа опасност во формирањето на полициските дирекции, или сектори како во Гостивар, Дебар, Кичево, или во општините, или градовите кои се наоѓаат на тромеѓе во однос на државните граници како што е општина Куманово со соодветен број Албанци заедно со Липково со албанско мнозинство или Струга исто така со албанско мнозинство, градови кои се сметаат како стратешки, но често пати и невралгични и експериментални места. Се спомна дека нстојувањето и децентрализацијата во овој случај и на самата полиција е процесот кој е во чекорење и ќе се надградува. Се согласувам, но зошто една работа која треба да ја направиме денес треба да ја оставиме за утре. Зошто треба да донесеме закон толку нецелисходен кој треба уште утре да претрпи измени и дополувања. Дали ова го правиме поради инаетот на опозицијата или на позицијата?

Настојувањето за да го донесеме овој закон под секој услов со мнозинство гласови и тоа спорни кои се доста дискутабилни и со начелни недостатоци и круцијални недостатоци во содржината на овој закон, значи уште еднаш сето ова говори за две многу значајни работи, како антиалбанскиот систем продолжува да функционира и понатаму на начин да македонските партии како од позицијата, така и од опозицијата да направат една коалиција во молк, преќутно. Значи, претходно донесуваат еден

заеднички текст со неначелни одредби, односно како албанските партии не се во состојба, значи од друга страна говорам како албанските партии кои не се во состојба да ги надминат нивните инаети, овде се обраќам на моето население, да ги надминеме овие инаети и не ја разбираат перфидната игра на македонските партии како од позицијата, така и од опозицијата. И немаме еден заеднички став иако сето ова, велам последното е во однос со албанско-албанските односи, или искрено да кажам односите меѓу албанците и тие кои говорат албански. Во оваа реалација, значи во релација позиција, опозиција. Од двете горе наведени точки можам да дојдам до еден заклучок и еден императив за една сериозна забелешка на македонските партии од позиција, но исто така и во однос на тие од опозицијата. Вие ќе се приближите до Европа толку ќе го спроведете Охридскиот рамковен договор, договор кој се претопи во последниот амандман од Уставот на Република Македонија. Вака вели и вака велат сите лидери и релевантните фактори од земјите членки на Европската Унија. Ова го велат и претставници на САД и сите пријатели на нашата држава. Вие продолжете вака и во продолжение за сериозни проблеми во овој случај вашето уво е глуво. Вие со ова најнапред се лажете себеси дека чекорите напред, дека создавате добри меѓуетнички односи и меѓуконфесионални, посебно помеѓу албанците или со албанците. Но, вие во суштина правите нешто сосема спротивно. И на овој начин ќе продолжите, така то значи дека вие не и го сакате доброто на оваа држава, на Македонија, на нашава Македонија и на тие кои што живеат во оваа држава. И со ова конкретно најголемиот дел од македонската опозиција значи СДСМ со нечесни игри, со лукавост и политичките изигрувања се губат од политичката сцена, ја губат од политичката сцена првата политичка партија на албанците, говорам за Партијата за демократски просперитет. Ова го велам и во однос на ДУИ. И сега според ова училиште според ова лошо постапува и во актуелниве македонски позиции. Значи, ова го прави и сегашната позиција, а тоа е ВМРО-ДПМНЕ. Во нејзините односи оваа позиција со албанските партнери, нормално во нивната коалиција со албанските партнери кои според мое мислење се албанци само од аспект дека говорат на албански јазик доколку не го разберат досегашното изигрување од страна на ВМРО денес, утре, се плашам дека ќе биде многу доцна. Во меѓувреме работите течат еден чекор напред, два назад.

Сакам да говорам во однос на неколку члена за кои во кратки црти сакам да ги искажам моите видувања, како лични, така и од реакциите од кругот од каде што јас доаѓам. Да го земам за пример членот 2. Во овој член каде се говори за полицискиот службеник можам да констатирам дека терминологијата полициски службеник споед информациите со кои располагам не кореспондира со Законот за внатрешни работи бидејќи со ова навистина, вистина е тоа дека полицијата е сектор за внатрешни работи. А овој факт, значи Законот за внатрешни работи не ја признава оваа терминологија полициски службеник. Во оваа насока како што се случува во ставот 2 од истиот член значи од членот 2 каде полициски службеник е овластено службено лице согласно одредбите од Законот за внатрешни работи, униформирано лице кое ги врши полициските работи во согласност со овој закон. Мислам дека е погрешно сето ова и не ми е јасно зошто предлагачот на овој член со овој Предлог-закон не интервенирал во овој дел од законот. Пред се сакам да подвлечам дека според стенографските белешки кои се потрудив да ги прелистам и да ги анализирам во овој ист Парламент имаше укажани забелешки за терминолошкиот аспект на овој член од страна на многу пратеници без оглед на нивната припадност на парламентарни групи. Ме чуди, овде ме зачудува фактот дека и покрај општата забелешка не е преземен ниту еден чекор за да се интервенира во овој член, односно да се корегира овој член од овој Предлог-закон за полиција.

Во однос на членот 6 каде освен другото се говори и за помошта која може да ја укаже полицијата во однос на државните органи. Како што вие нагласивте според ова се нуди помош на општините, значи според овој член и се нуди асистенција, или помош на општините и градот Скопје, на правни и физички лица за нивно спасување, за спасувањето на луѓето и материјалните добра во одредени случаи како што се нагласува во продолжение на овој член. И со ова се надоврзува и членот 7. Но, во членот 7 не се објаснува како и на кој начин се укажува оваа помош. Значи, на кој начин се укажува, се дава оваа асистенција. Според членот 7 јасно се гледа неутврдувањето, недефинирањето на зборот “помош” или “асистениција”, бидејќи со овој збор полицијата укажува помош, значи полицијата им дава помош на органите и во однос на извршна одлука, судски извршни одлуки. Овде мислам дека треба да се воведе уште една определба која ќе го дефинира добро овој член, што значи дека укажаната помош до управните органи, бидејќи често пати овие управни огани без оглед дали се централни огани, или се локални органи, тие често пати се соочуваат со проблеми во текот на примената на овие извршни одлуки кои ги донеле истите органи овде можам да споменам многу случаи од локалната самоуправа, како на пример, локалната самоуправа во Чаир, Тетово, или Гостивар и многу други места каде на локалните органи им треба полициска асистенција, или помош. А за спроведувањето на извршни одлуки кои сами ги донеле, а исто така во истиот член во членот 7 но во ставот 2 каде се вели дека барањето за асистенција се доставува до полицијата во рок од пет дена.

И, јасно не се укажува нивото и органот на полицијата каде се доставува ова барање. Барање кое може да се обрати до полициската станица, која полициска станица е од општа надлежност или може да се обрати на некој друг

сектор за внатрешни работи. Така што јас мислам дека овде треба добро да се дефинираат нештата што подетално. Значи до кој орган, полициски орган треба да се обрати барањето за полициска помош или асистенција.

А, во однос на членот 8, кога овој член, според мое мислење е од големо значење бидејќи го дефинира начинот на поднесување на претставки. Значи во однос на повредите на полицискиот службеник во однос на некое лице, или на некоја група граѓани. Во случаите кога полицијата ги пречекори своите надлежности, значи своите обврски, или своите должности во текот на спроведувањето или остварувањето на истите должности, овде се вели дека во рок од 30 дена треба лицето кое го има тоа право, значи лицето кое му е дадено ова право, да ги побара своите повреди до полицијата. И, во овој член не с дефинира до крај, до кој орган треба да се обрати барањето или претставката на оштетеното лице. Доколку повредата на правото и слободата на човекот е извршен од секторите на полиција, или од полициската станица, тогаш нема смисла претставката да се поднесе и лицето да се обрати до истиот орган.

Затоа мислам дека овде не е добро дефинирано или можеби со подзаконски акти ќе се дефинира за да има една комисија, посебна комисија во делокругот на Министерството за внатрешни работи, во делокругот на самата полиција.Таа комисија ќе ги прима претставките, жалбите и ќе ги разгледува истите. Мислам дека имаше доста случаи на пречекорување на надлежности од страна на полицијата, така што често пати се формираат вакви комисии. Се формираат комисии и овде, во ова Собрание, во овој Парламент на Република Македонија за разгледување на овие случаеви.

На самиот крај, бидејќи не сакам да наведувам други случаи, а се многубројни, на крајот доаѓаме до констатација дека секогаш се вели како полицијата имала право. Тоа значи дека овде треба добро да се дефинира овој член.

Во членот 13 се говори за должноста на полицаецот, како што е наведено во текстот на овој член за полицискиот службеник кој, надвор од работното време или во текот на работното време треба да преземе неопходни мерки, според околностите на случајот, како што е заштита на животот, личната сигурност и имотот на граѓаните.

Повторно во ово член не е утврдено дека преземањето на овие мерки во овие случаи полицискиот службеник е должен да го направи ова во краток рок. Тоа значи дека и овде постои непрецизност во однос на овој член.

Во член 14, текстот на овој член, особено во ставот 2, каде се вели дека постојат основи за сомневање. Кога полицијата располага со сознанија што врз основа на криминалистичкото и полициското знаење може да се оценат како доказ за сторено казниво дело. За казниво дело и вина на сторителот на тоа дело.

Посебно ми оставаат впечаток последните зборови на овој став “вина на сторителот на тоа дело”. Поради оваа вина, за што мислам дека утврдувањето на вината, кој е виновен и дали го сторил или не го сторил тоа дело, тоа кривично дело или казниво дело, мислам дека треба предходно да има една определена постапка, една постапка врз основа на која што може да се утврди дали е или не е виновен. Дали е виновно одреденото лице или не е виновно.

Во оваа насока јас ценам дека во продлжение на овој став треба да се наведе, со дополнителни зборови, како треба да се уреди ова прашање.

Во членот 16 од Предлогот на закон за полиција, во првиот став се говори за Бирото што во иднина ќе се раководи од директор, назначен по предлог на министерот. Истото министерство може и да го разреши. Министерот кој го назначил може и да го разреши ова лице во определено време од 4 години. Бирото и денеска функционира во областа на Секторот за внатрешни работи. Како Сектор за внатрешни работи или како орган на Секторот за внатрешни работи, Бирото сега, засега, освен директор има и заменик директор.

Се поставува следново прашање: кој ќе го заменува директорот, доколку директорот, поради оправдани причини, не е на работното место, е отсутен. Тогаш треба да се знае кој ќе го заменува директорот на Бирото. Или да се постави следново прашање: поради кои причини предлагачот на овој став од овој член, зошто не се предвидува заменик диектор во овој член? А, во ставот 2 се говори за условите што треба да ги исполни директорот. Тука се наведува дека директорот треба да има соодветно високо образование. Тоа повторно доаѓа во судир, истото се употребува, една неопределена терминологија и непрецизна, бидејќи не се знае за какво соодветно високо образование се говори. Јасно е дека со ова се подразбира, со зборовите “високо соодветно образование”, каде што сите знаеме дека имаме високо образование во многу насоки: економија, правен факултет, криминалистички науки и многу други науки, сакам да кажам дека повторно не е добро уредено. Треба на соодветен начин да се наведе за какво соодветно високо образование станува збор.

Членот 17, текстот не ме задоволува, затоа што според овој член, говорам за ставот 1, каде се предвидува можност за основање централни полициски служби што ќе се раководат според ова што е наведено во точката 3. Со оваа служба раководи началник и овде, покрај началникот на централните полиоциски служби, и тука не се предвидува да има заменик началник. Тој, нормално, во отсуство на началникот, поради оправдани причини, ќе има можност да го заменува началникот за да ја врши работата заменик началник.

Во членот 19, доколку внимателно го прочитаме текстот, јасно ќе видиме многу недоречености. Поради тоа мислам дека целосно треба да се избрише или повлече од страна на предлагачот.

А, најмалку точно да се прецизираат работите, на што попрецизен начин, со оглед на фактот дека овој член остава голем простор за манипулација споед даден момент, време и субјективните проценки на органите на власта. Тоа е така затоа што има многу недоречености и затоа што членотт е многу општ.

Се воочува дека сета надлежност за формирање на овие полициски единици ги има директотот на Бирото. Кого информира овој директор за формирање на полициски единици? Го информира министерот или премиерот, или Претседателот на Република Македонија. Дали го информира Советот за безбедност? Овие полициски единици, под чија команда ќе работата? Кој ќе одговара, доколку овие полициски единици се злоупотребат, како што ни се случувало во нашето блиско минато? Говорам за нашава Република. Вакви искуства имаат и многу други држави. Не е само нашето минато и нашето искуство. Се говори за искуствата и минатата на многу други држави кога овие полициски единици ги пречекориле нивните надлежности, биле сосема надвор од секоја контрола.

Затоа мислам дека овој член треба да биде појасен, да ја објасни хиерархијата на командувањето со овие полициски единици, со овие полициски сили. Ценам дека ова е направено намерно. Овој член е формулиран со вакви недоречености за да остави простор да се користи според субјективните потреби на авторитетите, за да не се товари никој за евентуална одговорнот. Токму поради причината дека претходно се знае дека овие полициски единици, нивните поставки се бледи и нејасни. Уште еднаш ќе кажам дека аномалиите во овој член треба да се поправат. Особено во однос на хиерархијата, во однос на тоа дали треба да се информира Претседателот на Република Македонија, дали треба да се извести Советот за безбедност и дали треба да се извести Владата а не само премиерот. Тоа е клучниот недостиг на овој член. Сите знаеме за малтретирањата на овие полициски единици, на овие специјални единици што ги извршиле, а никој до денес не е земен на одговорност, пред ниту една институција. Напротив, тие се прогласени како патриоти, нагадени се со високи чинови според хиерархијата на Министерството за внатрешни работи. За ова има бројни примери. Некои се наведени од многу пратеници. Особено од пратениците на ДУИ, во коалиција со ПДП.

За ова прашање нема многу да ви одземам време, но сакам да ви укажам дека овој член треба добро да се објасни и дефинира, да се објасни на тој начин за да ги детализира работите, детализирајќи ги и утврдувајќи ги добро сите работи за да не се злоупотребат истите, бидејќи според мое мислење не се виновни тие кои го извршуваат кривичното дело, туку се виновни тие кои даваат наредба за извршување на тоа кривично дело. Значи клучните виновници се тие кои даваат наредби, додека овде не се опишува кој дава наредба и под чија надлежност се овие полициски единици. Поради ова, велам, во целост овој закон, толку општ и површен, треба да се повлече и да се преработи уште еднаш, од страна на надлежни стручњаци и повторно да ни се достави во овој Парламент.

Член 20. Според овој член се формираат сектори за внатрешни работи. Значи можам да констатирам дека овој член го овозможува формирањето на сектори за внатрешни работи. Во зависност од големината на подрачјето, тука се утврдени критериумите за основање, според бројот на населението итн. Со ова во иднина ќе имаме многу недостатови, бидејќи овие сектори кои ќе се формираат, во иднина ќе функционираат како субјекти сами по себе. Нашите забелешки во овој дел од законот се разликуваат, бидејќи не е консултирана локалната самоуправа во текот на назначувањето на началниците, командирите итн. Со формирањето на овие 8 сектори за внатрешни работи, доколку внимателно се прочита овој член, посебно став 3 каде се говори за седиштето на овие сектори, ќе видиме дека ниту еден критериум, тие што ги спомнав малку погоре, не е исполнет и не е почитуван во целост. Затоа би било добро да се анализира реално и да се уважат овие наши забелешки. Вие доколкуизразите желба да го прочитате овој член, ќе забележите дека Секторот за внатрешни работи утврден во Охрид, а не во Струга, во услови кога Струга без исклучок ги исполнува сите услови што ги спомнав погоре.

Член 20 став 2, почитувани пратеници, оваа недоверба за да не се овозможи Струга да биде центар за внатрешни работи е од причина што мнозинството во Струга е од албанската заедница. Затоа овој член е изготвен вака и оваа недоверба од страна на предлагачот, по однос на овој член од законот за полиција, ме загрижува и тоа многу. Инаку зошто да не се опфатат и Кичево и Дебар, но и Струга, но исто така и Гостивар. Што им фали на овие градови? Во Секторот за внатрешни работи, според овој член многу се јасни непочитувањата ниту на еден критериум и се знае дека тоа е направено намерно. Не случајно оваа цел има и своја позадина која говори дека општините со албанско мнозинство треба да бидат контролирани од сите аспекти и на тој начин непосредно да бидат под контрола на Министерството за внатрешни работи. Државните органи никако не сакаат да дозволат вистинска децентрализација и со еден посебен фанатизам се настојува да се соочува централизираната метода од бивштото монистичко време за кое говорев на почетокот од моето излагање.

Ние како парламентарна група длабоко сме убедени, доколку се консултираа градоначалниците и советниците на сите општини во Република Македонија, сите ќе се спротивставеа на формирањето на овие сектори и сите ќе се согласеа со фактот дека има концептуални разлики, дека навистина тие постојат. Со оглед на фактот што надлежностите, според членот 21, надлежностите кои ги имаат

овие сектори за внатрешни работи, треба да ги имаат градоначалниците на сите 34 општини во поголемите градови на Република Македонија.

Во член 22, како и во многу други членови, и во овој член, посебно во став 2, во првата точка каде се говори за соодветно високо образование. Повторно доаѓа до израз едно прашање за една неопределена терминологија. Значи една употребена терминологија која не е точно утврдена, а во став 3 од истиот тој член каде се вели дека началникот на секторот за внатрешни работи го назначува и разрешува министерот, од редот на вработените, значи од страна директорот на Бирото. На тој начин тоа се прави на тртанспарентен начин и постапка, а за оваа транспарентност разговаравме нашироко. За ова разговаравме цел ден преку предложени амандмани од страна на госпоѓата Роза Топузова-Каровска. На тој ден кога расправавме околу ова прашање, околу транспарентноста, не добивме одговор во однос на транспарентната постапка.

При назначувањето и разрешувањето на соодветната личност, во случај на малтретирање или злоупотреба, верувам дека сите се согласуваме и свесни сме дека нештата почнуваат од високо, од горе. Исто така одозгора се носат и одлуките. Доколку некој организира криминал и нема некој кој е на висок положај да го поддржи, тоа лице сигурно нема да го стори тоа дело, бидејќи нема да има поддршка. Затоа треба да имаме одговорност кога изготвуваме закон, како што е законот за полиција, бидејќи во изготвувањето на овој закон, можностите се многу големи. Значи тие кои се занимаваат со овој криминал, да ги контролира самиот орган за внатрешни работи, со оглед на фактот дека тие структури се многу добро организирани и се знае дека криминалот не познава ниту пол, ниту религија, ниту етничка припадност, ништо.

Јас мислам дека треба да имаме повеќе механизми за разрешување и назначување на овие началници, бидејќи според член 22 се даваат можности едно или две лица да контролираат се во оваа земја од страна на еден мал број на лица кои ќе ги злоупотребат нивните надлежности и со тоа ќе имаме едно општество со криминал од разни облици.

Во член 23, кога говориме за текстот на овој член, видов дека секоја општина треба да има своја полициска станица. Значи нашата забелешка е дека секоја општина треба да има своја полициска станица и најмалку еден градоначалник, доколку има полициска станица и тие да соработуваат меѓусебно. Случајот на општините кои немаат полициски станици од општа надлежност, а се принудени да се обратат до друга полициска станица, како на пример општина Сарај која е принудена да се обрати во полициската станица во Ѓорче Петров, или општина Шуто Оризаре која е принудена да се обрати на полициската станица во општина Бутел, за секоја претставка или поплака, во однос на градоначалникот или претседателот на општинскиот совет, работи кои се во надлежност на општината и за истите работи да поднесат претставка во друга полициска станица, во друга општина. Од овие причини мислам дека овој член треба да предвиди еден рок.

**Љубиша Георгиевски:** Ми е жал што морам да ве прекинам, но според договорот што го постигнав со господинот Алити и господинот Ружди Матоши, во 17,00 часот прекинуваме со работа заради Ифтарот.

Продолжуваме утре во 11,00 часот.

(Седницата прекина со работа во 17,00 часот)